**Гордана Трајкова Костовска**

**Ксенофон Угриновски**

**Крсте Василески**

# ГРАЃАНСКО ОБРАЗОВАНИЕ ЗА VIII ОДДЕЛЕНИЕ

***Автор:***
Гордана Трајкова-Костова
Ксенофон Угриновски
Крсте Василески

***Рецензенти:***
Д-р Емиљ Сулејмани
М-р Анита Ангеловска
М-р Мубеџел Ахмет

***Уредник:***
Гордана Трајкова-Костова

***Графичка и техничка обработка:***
Крсте Василески
Киро Цветков

***Лектор:***
Виолета Јовановска

***Издавач***:
Министерство за образование и наука за Република Македонија

***Печати***:
Графички центар дооел, Скопје

***Тираж***:
16.500

Со решение на Министерот за образование и наука на Република Македонија
бр.22-2319/1 од 21.04.2010 година се одобрува употребата на овој учебник

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека “Св.Климент Охридски” , Скопје
373.3.016:342.7(075.2)=163.3
ТРАЈКОВА Костовска, Гордана
Граѓанско образование за VIII одделение / Гордана Трајкова Костовска, Ксенофон Угриновски, Крсте Василески. - Скопје : Министерство за образование и наука на Република Македонија, 2010.
- 84 стр. : илустр. ; 30 см
ISBN 978-608-4575-73-3
1. Угриновски, Ксенофон [автор] 2. Василески, Крсте [автор]
COBISS.MK-ID 84065802

# ВОВЕД

Учебникот Граѓанско образование е наменет за вас, учениците од осмо одделение во основното образование. Наставната содржина во него е распоредена во две колони со што се обезбедува поголема прегледност. Основниот текст е збогатен со дополнителни текстови, слики, карикатури кои го дообјаснуваат основниот текст или нудат повеќе информации со кои ќе го проширите вашето знаење.

Дополнителните текстови се разликуваат од основниот текст бидејќи се напишани на посебно обележани простори и на обоена подлога.
Учебникот дава можности и сами да го проверите вашето знаење. Тоа ќе го постигнете преку решавање на проблемски задачи, истражувачки активности, анализа на текстови и сл.

Проучете ја шемата и симболите во неа. Тие ќе ви помогнат подобро да се снаоѓате и да ги осознавате содржините на учебникот.

Авторите ви посакуваат успех во учењето.

**Поими и помалку познати зборови**

- правно-политички поредок/систем – начин на организирање на власта во државата (организации, институции, политичка култура) и сл.

**Карикатура**




**Основен текст**

Општеството претставува голема група на луѓе кои заедно живеат и соработуваат.

**Истражувачка активност/ Вежба/ Задача**



**Провери го и употреби го своето знаење**



**Научи повеќе**




**Запомни**



**Слики**



# ВЛАСТ



**Што се очекува да знаеш и умееш за оваа тема**

- да објасниш што е власт и зошто е таа потребна,
- да осознаеш кои се носители на власта,
- да научиш како се избира власта,
- да направиш разлика помеѓу демократската и другите облици на власт,
- да знаеш што е устав и зошто е важен за животот во заедница,
- да идентификуваш некои граѓански здруженија и да ја откриеш причината за нивното постоење во демократијата.

**Поими кои ќе ги проучуваш**

Власт, моќ, држава, политика, граѓанска доблест, собрание, пратеници, влада, претседател на државата, судство, народен правобранител, устав и уставна демократија, политички партии, опозиција, плурализам, граѓански здруженија.



# Управување со општеството

## *Што е власт и зошто е потребна*

Општеството претставува голема група на луѓе кои заедно живеат и соработуваат. Но, заедничкото живеење е невозможно ако во него не постои власт. Власта ги донесува заедничките правила на однесување. Тие им укажуваат на членовите на општеството како треба да се однесуваат и што не треба да прават.

За оние што ги донесуваат и спроведуваат правилата се вели дека имаат моќ врз другите. Затоа ***моќта се дефинира како можност некој да ја наметне својата волја врз другите, да врши контрола врз работата и однесувањето на другите.***

Моќта се сретнува во сите области на општественото живеење. Во семејството, на улица, во училиштето, на работното место. Така на пример, родителите покажуваат моќ кога им заповедаат на своите деца да извршат некоја работа во домот; некои наставници кога се закануваат на учениците со лоша оцека; директорот кој бара од вработените да не доцнат на работните места; пратениците кога донесуваат закони и сл.



Најголема моќ во општеството има ***државата***. Неа ја сочинуваат: владата, парламентот, судовите. Државата може да ја употреби својата моќ за доброто на сите членови во општеството, но и за заштита на интересите на само една група луѓе.

Од следниот пример може да се согледа важноста и потребата од постоење на власта.

Една од најважните цели во општеството на индијанците Сујукс била како да се организира успешен лов. За таа цел била потребна добра соработка меѓу членовите, како и добро воспоставени односи на моќ.

Во текот на летните месеци, бизоните, кои биле главен извор на храна на племето, се собирале во големи стада во рамничарските предели на Северна Америка. Ловот на бизони бил потфат од големи размери. Успешниот лов барал сложена организација, водство и строга дисциплина. За таа цел биле поставувани шерифи. Ло-

вот се одвивал под нивна заповед и власт. Шерифите посебно внимавале на младите нетрпеливи воини кои можеле прерано да тргнат во акција, да го исплашат стадото бизони и тоа да избега. Тоа не смеело да се случи, затоа што бизоните биле основна храна на племето. Затоа на шерифите им била дадена моќ да ги натепаат непослушните и самоволни млади воини. Со самото тоа што племето им дало моќ на шерифите да казнуваат, тие всушност ја прифатиле нивната моќ како оправдана.

Прифаќајќи ја моќта тие всушност прифатиле да се покоруваат затоа што од покорувањето имале корист. ***Кога покорувањето на моќта е прифатена, за таа моќ велиме дека прераснала во власт. Власта претставува облик на моќ која е прифатена како оправдана.***



**Запомни**

Луѓето ја создале државата зошто имале потреба од неа. Тие сфатиле дека животот на заедничка територија, во заедница, треба да биде организиран, зошто без тоа не бил возможен нивниот опстанок. Државата воспоставила правила на однесување (во вид на норми) и тие важеле за сите членови на заедницата. Таа имала моќ и да примени сила. Нејзина задача била и да ја заштитува територијата од надворешни напади. И денес државата постои од истите причини. Во денешните општества таа е модерна држава. Модерната држава се разликува од сите претходни држави, бидејќи настојува да ги усклади интересите на граѓаните и да ги заштити нивните права и слободи.



**Задача**

Прочитај ја прикажаната за „Кралството Сикел", а потоа одговори на прашањата:

1. Кој ја поседува власта во кралството Сикел?
2. Дали жителите се среќни со ваква власт?
3. Дали власта во кралството Сикел е вистинскиот облик на власт што им треба на луѓето?
4. Дали би сакал и твоето општество да биде организирано како кралството Сикел?

**Кралството Сикел**

Кралството Сикел се наоѓа високо во едни планини. Со векови скоро и да нема контакт со останатиот свет.
Иако е многу мало, кралството Сикел привлекува голем интерес. Причина за тоа е мошне необичната организација на животот во кралството.

Како прво, никој во кралството не може да биде гладен. Жителите на Сикел сами произведуваат храна и



таа се дели на сите. Секое семејство добива куќа на користење без надоконада. Големината на куќата зависи од бројот на членовите во семејството. Загревањето на домовите, како и поправките во домовите се бесплатни. Докторот е постојано достапен за сите болни, а на секои 6 месеци, жителите на Сикел бесплатно одат на систематски преглед. Здравствени работници редовно ги посетуваат постарите луѓе, бебињата и сите оние кои имаат потреба од нега.

Во кралството Сикел сите убави работи се достапни секому. Секое семејство добива купони со кои може да купи: парфеми, накит, зачини и сл. Како успеале жителите на Сикел сето ова да го организираат?

Со кралството Сикел отсекогаш владеело кралско семејство. Сегашен владетел е кралот Сик трети. Тој одлучува за бројот на работниците, за производството на храна, за изградба на куќите, за здравствените служби. Уште на 5 години, децата се испраќаат на школување во соодветни училишта. Кралот најдобро знае кој за што е талентиран. Сите останати, кога ќе навршат одредена возраст, кралот Сик ги вработува во својата кралска палата.



*Власта може да се наследи*



Најчудно е што во кралството не постојат пари. Никој не добива плата зошто секој добива онолку колку му треба.

Можеби ќе се прашате дали некој од кралството Сикел за нешто се пожалил. Тоа се случува многу ретко. Оние кои ќе се пожалат, веднаш ги сместуваат во психијатриска болница.

## *Како се стекнува власта*

Во зависност од тоа кој ја има власта и како таа се стекнува во општеството, власта може да биде демократска и недемократска. Ако согласноста на оние што владеат им ја дал народот, тогаш станува збор за демократска држава. Доколку таа не е дадена од народот, туку е насилно присвоена зборуваме за недемократски држави. Пример на недемократска власт претставува монархијата. Таа е власт

на еден човек (крал, цар, султан). Во средновековните феудални држави монархот својата власт ја оправдува со Божјата волја (дека согласноста да управува со државата ја добил од Бога). Во овие држави власта ја наследуваат неговите потомци.

Апсолутната монархија е држава во која што власта на монархот (кралот) е неограничена. Само тој ја поседува политичката моќ. Во уставната монархија власта на владетелот е ограничена со устав. Уставот е основен закон на државата со кој се уредуваат односите помеѓу власта и народот. Кога во уставните монархии се донесува некој закон, владетелот мора да бара согласност од претставниците на народот.

Во недемократски држави можат да се вбројат и комунистичките држави и воените диктатури. Владетелите во комунистичките држави власта ја добиваат со согласност на народот - преку избори, но, народот не избира, туку само формално гласа. Народот не може да избира затоа што постои само една политичка партија (комунистичка партија). На пример, ако собранието има шеесет пратеника на листата за гласање се наведени исто толку кандидати. Во тие држави има и





*Бакнувањето рака на повозрасните е изразување на почит кон авторитет*

доживотни претседатели. Јосип Броз Тито беше прогласен за доживотен претседател на поранешната Социјалистичка Федеративна Република Југославија.

Воената диктатура е форма на власт која се стекнува по пат на сила. Ваквата власт се базира на страв и принуда. Народот чувствува страв од оваа влада, затоа што таа користи строги казни во остварувањето на својата волја. Диктаторите најчесто користат и сила кон сите оние кои мислат поинаку од нив.

**Научи повеќе**

Изборот на кралевите во античка Македонија е добро познат античко-македонски обичај. Специфичноста на овој обичај е во тоа што кралевите на античка Македонија се избирале

на општ масовен собир на Македонската војска (Собрание), на кој присуствувале сите војници, кои сакале да присуствуваат. Кралот се бирал со акламација, т.е. со едногласно одобрување од страна на сите присутни војници, кои притоа удирале со мечевите по штитовите.

На ваков начин и Филип Втори Македонски бил избран за крал на Македонија, а по неговата смрт на истиот начин бил избран и славниот Александар Македонски.

Во шеесеттите години на 19 век, во југозападна Македонија потполно истиот обичај се практикувал при избор на селски старешина.

Во секое село во одредено време селаните се собирале сретсело и избирале еден од постарите меѓу себе кому му ја доверувале власта да го управува селото и селските работи. Во знак на дадената власт му давале жезло или тојага. Без негова дозвола ништо во селото не можело да биде продадено на туѓинец, ниту пак некој можел да купи нешто од туѓинец.

**Законите** претставуват извор на власт. Тие се пропишани и строго санкционирани правила на однесување. Нив ги донесува државата со цел да се воспостави јавен ред во заедницата.

Така на пример, во Р. Македонија продавачите со закон се обврзни да им издаваат фискални сметки на граѓаните за секоја купен производ. Тие не треба да имаат дилема дали да им дадат на купувачите фискална сметка, бидејќи со Закон за трговија предвидени се казни за сите оние кои нема да го направат тоа. Возачот кој го управува возилото на автопат со



поголема брзина од дозволената, ризикува да биде казнет според Законот за сообраќај и сл. Сознанието дека постојат закони и дека нивното непочитување може да им донесе казна, ги задржува граѓаните од престапи. Затоа велиме дека законите имаат моќ да влијаат врз однесувањето на граѓаните.

За спроведувањето на законите се грижат претставници на државата, кои се овластени, во нејзино име, да го контролираат однесувањето на граѓаните. Тоа овластување, речиси во сите земји во светот го има полицијата. Најчесто таа го остварува прввиот контакт со прекршителите на законот. Има моќ да изрекува казни или да ги упати прекршителите на законите на суд. **Судиите** се исто така овластени лица кои донесуваат одлуки за висината на казните за прекршителите на законите, затоа и тие имаат моќ.

Во традиционалните општества и **обичаите** имаат моќ да влијаат врз однесувањето на луѓето. За непочитување на обичаите заедницата предвидува казни кои најчесто се јавуваат во облик на потсмевање, озборување, омаловажување и сл.




## *Моќ без власт*

Луѓето кои го проучуваат општеството разликуваат две форми на моќ: власт и сила. Власта е таква форма на моќ која е прифатена од оние што се покоруваат, бидејќи ја сметаат за оправдана и праведна.

Така на пример, ако припадниците на македонското општество прифатиле дека собранието (парламентот) има право да донесува определени одлуки и ако тие одлуки ги сметаат за законски, тогаш собраниската власт станува легитимна, признаена власт.

***Силата е неоправдана моќ.*** Луѓето врз кои таа се применува не ја сметаат за легитимна. Така на пример, во робовладетелството робот работел само поради страв да не биде камшикуван. Веројатно најголема желба на еден роб на галија била да го избегне мачниот труд. Но, помислата дека може да биде камшикуван била доволно силна да го издржи напорното веслање.

**Запомни** 

Моќ без власт има секој оној кој се обидува да наметне своја волја врз другиот само затоа што е посилен од другиот, а никој не му го дал тоа право. За оние кои употребуваат сила и покрај противењето на другите велиме дека употребува моќ без власт.

**Задача** 

Во следните примери одредени поединци ја наметнуваат својата волја над другите. Определи дали станува збор за власт или за моќ без власт.

1. Твоите родители бараат од тебе да се враќаш дома во точно определено време. Ќе ги послушаш или не? Зошто да, зошто не?

2. Твојот најдобар дугар/другарака те присилува да направиш нешто што тебе не ти се допаѓа. Ќе го направиш тоа или не. Зошто да, зошто не?

3. Училиштето во кое учиш не ти се допаѓа и поради тоа не одиш на настава. После неколку опомени од класниот раководител, наставничкиот совет на училиштето ти изрекува мерка – исклучување. Дали имаат право да го направат тоа? Зошто да, зошто не?

4. Директорот на училиштето ви наредува да излезете од училишниот двор на тебе и твоите другари затоа што се уште трае наставата? Дали ќе го послушате? Зошто да, зошто не?

5. Твојата помала сестра ти пречи секогаш додека работиш на компјутер. Ја удираш зошто така можеш да се ослободиш од неа. Имаш ли право на тоа? Зошто да, зошто не?



## Држава и политика

Животот на луѓето во сложените општества е организиран и за тоа е задолжена ***државата***. Таа претставува збир на институции кои имаат власт да донесуваат правила според кои ќе биде управувано општеството. Институции на државата се: собранието (парламентот), владата со свои министерства, полицијата, војската и судовите. Институциите на државата уште се нарекуваат ***државен апарат***.

Во современите општества постојат голем број групи на луѓе кои имаат посебни интереси. Тие групи се резултат на поделбата на работата и постоењето на голем број занимања (занаетчии, трговци, директори, лекари, правници, учители).

Секоја од овие групи според занимањето развива сопствени потреби и интереси. За да можат да ги реализираат, овие групи формираат организации кои ќе ги изразуваат нивните интереси и ќе се грижат за нивно остварување. Такви организации се професионалните здуженија и ги има во голем број. На пример, здруженијата на наставници, занаетчии, лекари, адвокати, социолози, информатичари и сл. Ваквите организации кои заштитуваат одредени интереси се наречени ***интересни групи***.

И политичките партии се интересни групи. Иако ги засатапуваат интересите на граѓаните во парламентот, тие имаат и свои интереси- што е можно подолго време да останат на власт.

Секоја интересна група се грижи да ги заштити интересните на своите членови. Бидејќи ниедна од овие групи нема доминантно место во општеството, а сака да ги прикаже своите интереси како најважни, тие се принудени меѓусебно да се договаараат, да се убедуваат и да донесуваат решенија од кои ќе бидат задоволни сите.

***Преговорите, убедувањата, спогодбите имаат заедничко име и***





***се нарекуваат политика.*** Таа овозможува животот во едно општество да биде организиран по пат на договор.

Политиката го определува и односот на државата кон граѓаните.Тој однос може да биде различен и според него се определува дали една држава е демократска или недемократска.

Во демократските општества се спроведува демократска политика. Сите полнолетни граѓани се рамноправни во политиката. Не постојат привилигирани ниту пак однапред определени граѓани кои ќе се бават исклучиво со политика. Секој поединец може да избира или да биде биран за некоја функција во државата. Но, затоа пак граѓаните имаат и политичка одговорност. Од нив зависи каква ќе биде власта во државата, зошто ќе бидат избрани оние претставници во власта кои добиле од граѓаните најголем број гласови.




**Научи повеќе**

Аглискиот филозоф Томас Хобс ги опишал човечките суштества како себични и користољубиви, кои се во постојана потрага да обезбедат уживање за себе и поповолна положба за остварување на своите цели. Жедта за сѐ поголема и поголема моќ ја смета за вечна и нескротлива особина на човечиот род која исчезнува само по смртта.Човечките суштества ги смета за нелојални бидејќи тие меѓусебно не се почитуваат и не си веруваат. Тие можат да се договорат дека ќе почитуваат некое правило како на пример: „не прави им го на другите она што не сакаш да ти биде направено тебе” бидејќи поседуваат разум. Тие можат да ветат дека нема да посегнат по животот и имотот на другите, но, Хобс не е сигурен дека ќе се придржуваат на договорот. Тоа треба некој да го гарантира. Авторитет кој може да го гарантира тоа, според Хобс, е државната власт. Таа на луѓето им ја гарантира сигурноста и донесува закони, а тие се должни да и се потчинуваат т.е. да ја слушаат и да и бидат лојални.



**Задача**

Прочитај го текстот, а потоа одговори на следниве прашања:

1. Дали одлуката на владата е исправна?
2. Како влијае одлуката на владата врз производителите на најлонски кеси?
3. Како според тебе би се надминал проблемот меѓу владата и производителите на пластични кеси? Која политика би била најисправна?

(Вечер, од 27.08.2008 година.)
„Владата на Р. Македонија целосно ќе забрани користење најлонски кеси. Од Министерството за животна средина и просторно планирање вчера потврдија дека речиси се завршени измените на одлуката, која од 1 јануари 2009 дозволува употреба единствено на кеси со капацитет од над пет килограми. Со најновите измени, кесите ќе бидат целосно исфрлени од употреба. Целта е да се избегне создавање на ваков вид отпад кој има огромно штетно влијание врз животната средина со оглед дека нивното распаѓање трае повеќе стотици години, а ако горат, поради хлорот содржан во нив, се ос-



лободуваат канцерогени материи. За оние што се занимаваат со производство на кеси тоа ќе значи затворање на фирмите, отпуштање на 2.000 работници, специјализираните машини ќе завршат на отпад, а ќе биде намален и процентот на извоз од државава”.

## *Граѓанска доблест*

Луѓето се припадници на едно општество и тие мораат да бидат свесни за важноста на своето членство во тоа општество. Тие се членови на училишни заедници, семејства, по-




литички партии, фудбалски клубови, граѓански здруженија во кои владеат одредени правила. Некои поединци не ги прифаќаат правилата бидејќи сметаат дека тие им ја ограничуваат слободата, но оние кои ќе ги прифатат, мора и да ги почитуваат. Од правилата произлегуваат обврските. Значи, членството во општетсвената заедница им наметнува на поединците одредени обврски и тоа:обврски кон себе, кон другите луѓе, кон државата. Исто така, тие извршуваат голем број обврски кои произлегуваат од професијата која ја обавуваат како и обврски кон заедницата во која живеат. Така, на пример: тие се грижат за сопствениот живот, обезбедуваат егзистенција на членовите на семејството, се обврзуваат на верност во бракот, го почитуваат Уставот, ги бираат претставниците во власта, ја бранат државата. ***Кога поединците се однесуваат свесно и одговорно кон обврските велиме дека се лојални членови на заедницата, имаат граѓанска доблест.***

Но, по што се препознаваат лојалните граѓани?

Лојалните граѓани го подобруваат животот во општеството. Во демократ-



*Лојалните граѓани се одговорни работници*

ските општества, од лојалноста на граѓаните во голема мера зависи и успешноста на демократијата.

Лојалните граѓани, вообичаено, се добри и одговорни работници. Работат вредно и своите вештини и способности ги користат на продуктивен начин. За својата благосостојба се заслужни самите и не се на грбот на општеството. Лојалните граѓани ги почитуваат оние кои се на власт во општеството. Тие секогаш се подготвени да ги следат правилата и прописите во општеството и по цена да мораат да се откажат од своите слободи. За нив е подобро да се живее во безбедна и заштитена средина во која се одржува редот, отколку во општество во кое луѓето имаат чувство дека секој прави што сака.

Лојалните граѓаните активно учествуваат во општественото одлучување. Тие знаат како работи владата и знаат како да влијаат врз неа кога таа не работи по нивна волја.

Задача 

Прочитај го текстот, а потоа објасни која е пораката што им ја упатил Александар Македонски на своите војници?

Извадок од „Беседата кај Опит“

„Македонци, нема сега да говорам за да го задржам вашето заминување во

татковината, бидејќи што се однесува до мене можете да одите каде што сакате, туку за да согледате дека со вашето заминување покажувате неблагодарност кон нас кои сме толку заслужни за вас. Најпрво ќе зборувам, како што е редно, за татка ми Филипа. Филип вас ве затекна како талкате бедни, облечени во кожи, како по бреговите пасете малку овци и за нив чемерно се борите со Илирите, Трибалите и со соседните Тракијци. Наместо кожи ви даде да облечете волнени алишта и од бреговите ве слезе во рамници ... Ве направи жители на градови, над истите варвари кои порано вас и вашите ве ограбуваа и заробуваа и станувавте нивни робови и поданици, ве стори господари и најголемиот дел од Тракија го присоедини кон Македонија....

Заслугите со кои започна мојот татко, гледани сами по себе, големи се, но, сепак се мали во споредба со моите. Јас од татка ми Филипа наследив само неколку златни и сребрени чаши, не цели шеесет таланти (тогашни пари) во благајната, долгови до петстотини таланти; покрај тоа позајмив уште осумстотини и тргнав од земјата која ниту вас самите не можеше добро да ве исхрани и веднаш ви го отворив патот преку Хелеспонт...

И богатствата на Египет и Кирена кои ги зедов без борба, добро ви дојдоа; Келесирија и Палестина вам ви припаѓаат... и богатството на Лидија и ризниците на Персија и богатствата на Индија сега се ваши...

Но, што ми остана мене од сите тие напори, освен ова пурпурно руво и оваа дијадема? Ништо немам свое...

За вас и вашата слава и за вашето богатство ве водам победоносно преку сите земји и мориња, преку сите реки и гори... Потоа им ги вратив долговите на оние кои што ги имаа без да испрашувам како се направени, иако добивавте толку големи плати и пљачкосувавте после секое запоседнување...

И сега сакав неспособните за војна да ги испратам дома, да им завидуваат, но кога сакате сите да отидете, отидете сите; и кога ќе стасате дома разгласете дека го оставивте својот крал Александар и им го доверивте на победените варвари да го чуваат него кој ги совлада Персијанците, Меганите ..”

## *Поделба на власта*

„Една власт мора да биде контролирана од друга власт, бидејќи човечките желби, омразата и лакомоста поттикнуваат мисли и акции спротивни на интересите на општеството. Луѓето мораат








да имаат влади, а тие, пак, мораат да бидат под контрола, бидејќи оние коишто владеат можат и да грешат”- рекол рекол Џејмс Медисон - таткото на американскиот устав.

Во демократските општества граѓаните ја избираат власта. Тие избираат свои претставници во **собранието** (парламентот) и на тој начин се претставени во власта. Собранието ги донесува законите и затоа има законодавна власт. Тоа може да има еден дом (еднодомно) **какво** што е собранието на Р.Македонија , два дома (дводомно) она на Соединетите американски држави, а многу поретко и повеќе домови.
Собранието по правило ја избира **владата**. Владата ги спроведува законите што ги донело собранието и затоа таа има извршна власт. Таа и му предлага закони за усвојување на собранието. Владата ја составува онаа политичка партија која има најмногу пратеници во собранието.

Собранието го избира највисокиот суд како и судските органи кои што, заедно ја чинат судската власт. Судската власт е задолжена за спроведување на правдата. Нејзина задача е да ги толкува законите кои ги донела законодавната власт, да се грижи законите да се почитуваат, но и да изрекува казни на оние што ги прекршиле законите. На тој начин, ***државната власт се дели на три гранки: законодавна, извршна и судска власт.*** Во демократијата е правило – трите гранки на власта да бидат независни една од друга и да не се мешаат во надлежностите.

Најдобра власт е онаа власт на која и се ограничени можностите да ја злоупотреби својата моќ. Затоа е потребно да се воспостави систем на контрола и рамнотежа помеѓу трите дела на власта. Еден од начините за контрола на власта се изборите. Ако народот не е задоволен од власта може да ја промени со тоа што ќе избере нова. Парламентот ја избира владата, но може да ја смени. Судовите мора да судат според законите, а не според советите и мислењата на владата или пратениците или кој и да е друг.

| Имиња на собрание (парламентот) во некои земји | |
|---|---|
| Македонија | Собрание на Република Македонија |
| Франција | Национално Собрание |
| Руска Федерација | ДУМА |
| САД | Преставнички дом |
| Полска | СЕЈМ |
| Словенија | Државен збор |
| Шпанија | КОРТЕЗ |



# Носители на власта во Република Македонија



## *Собрание на Р. Македонија*

На 8 септември 1991 година граѓаните на Република Македонија по пат на референдум одлучија да се раздружат од Социјалистичка Федеративна Република Југославија и да формираат своја самостојна и суверена држава. На 18 ноември 1991 година е усвоен Уставот на Република Македонија според кој Македонија е парламентарна демократија.

Власта е поделена на: законодавна, извршна и судска. Ваквата поделба е направена со цел да се воспостави рамнотежа во владеењето, односно еден дел од власта да може да ги контролира другите делови.

Собранието (парламентот) на Р. Македонија ги претставува граѓаните и е носител на законодавната власт. Бројот на пратениците во собранието не е секогаш ист и се движи од 120 до 140 пратеници Од првите парламентарни избори до денес бројот на пратениците изнесува 120.

Пратениците во Собранието се избираат на општи, непосредни и слободни избори со тајно гласање за време од четири години.

За да работи ефикасно, Собранието основа постојани и повремени работни тела. Постојани работни тела се комисиите. Собранието има претседател и еден или повеќе потпретседатели. Освен овие функционери, Собранието има и секретар. Претседателот на собранието ги свикува седниците и претседава со нив. Тој ги распишува изборите за пратеници и за избор на претседател на Републиката.

## *Надлежности на Собранието*

Собранието работи на седници и според утврден деловник за работа, а неговите надлежности се утврдени со Уставот. Неговата основна надлежност е да донесува закони. Тоа има право не само да го менува и дополнува Уставот со уставни амандмани, туку и да донесува нов устав. Собранието распишува и референдум, а дава и амнестија (простување на казната). Освен овие, Собранието на Р. Македонија има и други надлежности:

- ги утврдува јавните давачки (на пример, даноците),
- го донесува републичкиот буџет (колку ќе троши државата),
- одлучува за војна и мир, ратификува (одобрува) меѓународни договори,
- ја избира владата на Република Македонија, избира судии на Уставниот суд, избира и разрешува судии на судовите,
- ја контролира работата на владата.

## *Пратеници*

Пратениците се основни носители на активноста и иницијативите во Собранието. Граѓаните кои на изборите гласале за нив им дале право да учествуваат во работата на Собранието и да одлучуваат во нивно име. Секој пратеник има индивидуално право да поднесува предлози на закони. Пратениците имаат право да побараат одговорност за работата на некој член од Владата (на пример, министер) или да покренат прашање за доверба на Владата. Ова обично го прават пратениците од опозицијата. Покрај правото за барање на одговорност, пратениците располагаат уште со едно средство за контрола на работата на Владата – поставувањето на пратенички прашања.

При вршењето на пратеничката функција пратениците уживаат имунитет. Правото на имунитет значи дека пратеникот е исклучен од дејството на некои закони (не може да биде притворен или да одговара пред судот за она што ќе го изговори или гласа во Собранието, не може да биде лишен од слобода без одобрение на Собранието и сл.). Мандатот на пратениците изнесува четири години, но може и да се продолжи само во случај на вонредна или воена состојба. Собранието може да биде и предвреме распуштено, ако за тоа се изјасни мнозинството од вкупниот број пратеници.



## *Задача на опозицијата*

Опозициските партии во собранието (парламентот) ја создаваат и одржуваат демократската култура. Тие ја контролираат работата на владата, ги критикуваат нејзините постапки, но нудат и поинакви решенија. Владата и опозицијата се најзначајни делови на демократскиот политички систем.



## *Влада на Република Македонија*

***Владата на Република Македонија е носител на извршната власт***. Таа е задолжена да ги спроведува законите и другите прописи. Нејзините овластувања се определени со Уставот на Р.Македонија. Владата е колегијален извршен орган кој го сочинуваат претседателот на владата и министрите. Тие не можат да бидат пратеници во Собранието. Владата ја избира Собранието со мнозинство гласови од вкупниот број на пратеници (со апсолутно мнозинство). За својата работа е одговорна пред Собранието. Таа ги предлага законите, републичкиот буџет и другите прописи кои ги донесува Собранието. Со

работата на Владата раководи премиерот. Владата ја организира работата на министерствата и другите органи на управата и врши надзор на нивната работа, одлучува за признавање држави и влади; воспоставува дипломатски и конзуларни односи со други држави и тн. Ова се само некои од надлежностите на Владата.

Во својата работа Владата се потпира на органите на државната управа од кои најзначајни се министерствата. Тие при работењето се раководат од следниве принципи: самостојност, уставност и законитост, одговорност.



## Претседател на Р.Македонија

Претседателот на Република Македонија ја претставува Републиката во земјата и во странство. Истовремено, тој е и врховен командант на вооружените сили на Македонија и претседава со Советот за безбедност. Во системот на власта претседателот на Република Македонија има мошне истакнато место што произлегува од начинот на којшто се избира. Претседателот се избира на општи и непосредни избори, со тајно гласање. Тој е избран непосредно од страна на граѓаните, исто како и пратениците. Се избира за време од пет години. Негова надлежност е да го определи мандаторот (премиерот) за состав на Владата.

Самостојната позиција на претседателот на Републиката во системот на власта се гледа и во контролата на работата на Собранието. Претседателот може да одлучи да не го потпише указот за прогласување на некој закон што го донело Собранието. Тогаш Собранието мора повторно да го разгледува законот.

## *Судска власт во Р.Македонија*

Судската власт во Р.Македонија ја спроведуваат основни, апелациони судови и Врховниот суд на Република Македонија. Тие се надлежни, применувајќи ги законите, да кажат што е праведно и на чија страна е вистината.

***Основните судови*** се основаат за подрачјето на една или повеќе општини. Тие се првостепени судови и решаваат за кривични дела и стопански престапи; за спорови од личните и семејните односи, од работните и станбени односи итн.

***Апелационите судови*** се второстепени судови кои се надлежни да ги



решаваат жалбите против одлуките на основните судови. Во Македонија има три апелациони судови: во Скопје, Битола и Штип.

***Врховниот суд*** на Република Македонија е највисок суд со седиште во Скопје. Се грижи сите судови на територијата на Македонија да ги применуваат законите на единствен начин. Покрај тоа, одлучува и по жалбите против одлуките на апелационите судови.

За да можат судовите да судат потребен е самостоен државен орган кој ќе ги прогонува лицата кои го прекршиле законот. Таков државен орган е ***Јавното обвинителство***. Тоа во името на државата покренува иницијатива за кривично гонење. Јавниот обвинител го именува и разрешува Собранието. Се избира за време од шест години.

Уставен суд е орган на државата и тој ја штити уставноста и законитоста во Р.Македонија. Судиите на Уставниот суд ги избира Собранието за време од девет години. Во негова надлежност е да укинува или поништува закони кои не се во согласност со Уставот. Исто така, Уставниот суд ги штити слободите и правата на човекот.




***Републички судски совет***. Собранието ја контролира судската власт преку Републичкиот судски совет. Го сочинуваат седум члена кои ги избира Собранието на Републиката за време од шест години. Републичкиот судски совет на Собранието му предлага кандидати за избор на судии но и за нивно разрешување. Одлучува за дисциплинска одговорност на судиите, ја оценува стручноста и совесноста на судиите во вршењето на нивната функција.

## *Народен правобранител*

Народниот правобранител е самостоен орган на Републиката кој ги заштитува правата на граѓаните кога се повредени од страна на државните чиновници и од други лица со јавни овластувања. Граѓаните можат, без посебни формалности и трошоци, да му се обратат за брза интервенција. Народниот правобранител го избира Собранието на Република Македонија за период од осум години.

Ниту една власт не може да владее ако со нејзе не се согласува поголемиот дел од граѓаните. Затоа и во минатото властодршците настојувале да дознаат што мисли народот за нив. Во Стара Кина постоеле посебни луѓе наречени мандарини (државни службеници) кои биле „очи и уши” на царот и кои го известувале што мисли наро-

дот за работата на неговите чиновници, со цел тој да дознае за нивните грешки и да ги исправа. Во модерните демократски општества чувар на правата на граѓаните е ***народниот правобранител.***

**Истражувачка активност.**

Во иминатиот период Собранието на Р.Македонија донесе голем број на закони. Обиди да објасниш со каква цел се тие донесени и определи ја нивната важност за животот на граѓаните.

**Провери го своето знаење**

1. Зошто е потребна државата?
2. Од кои причини власта е поделена на законодавна, извршна и судска?
3. Кој се грижи за спроведување на правдата во општеството?

## Устав и уставна демократија

За припадниците на секое општество многу е важно каква власт ќе имаат. Во демократското општество власта се воспоставува по пат на избори и е создадена да му служи на народот.

Денес, повеќе од половина човештво живее во демократски општества. Власта во нив е демократска, одговорна и ги почитува правата на граѓаните. А за да ги почитува и заштитува основните права и слободи на граѓаните (нивниот живот, работа, имот, сигурност, здравје, образование, култура), на демократската власт и се потребни многубројни институции какви што се: парламент, влада, јавна управа, судство, политички партии, разни граѓански здруженија и сл.

Значи, почитувањето или непочитувањето на правата и слободите на граѓаните во едно општество се основно мерило според кое се определува нивната положба во општеството. И затоа, ако власта во едно општество спроведува насилство, принуда врз граѓаните, ги потиснува или ги крши човековите права, тогаш велиме дека во тие општества постои недемократска власт.

Но, кога секој човек во општеството ги поседува основните права и слободи, кога државата му ги гарантира и заштитува тие права- тогаш за тој човек велиме дека е граѓанин, за власта дека е демократска, а државата- ***уставна демократија.***





***Уставот***. Тој е највисок правен акт на една држава. Терминот устав потекнува од латинскиот збор цонститутио, кој означува највисок закон. Тој е пишан документ кој ги содржи правилата и принципите според кои треба да владеат (управуваат) со државата оние кои се на власт.

Уставот на Р.Македонија го овозможува функционирањето на државата и обезбедува гаранции и заштита на основните човекови права. Уставот ја ограничува моќта на владата и ги заштитува правата на поединците и малцинствата. Затоа оние што владеат не можат да ја употребуваат власта за своите сопствени интереси и цели.

***Со Уставот 1991 година, Р. Македонија е уставна демократија***. Речиси една третина од членовите на Уставот се однесуваат на слободите и правата на човекот и граѓаните. На нив им е посветено едно цело поглавје. Прогласени се и за темелни вредности на уставниот поредок на Р. Македонија.

Во Уставот, слободите и правата на човекот и граѓанинот се разделени во неколку групи. Темелните слободи и права се однесуваат на животот и личноста на човекот. Потоа следуваат политичките слободи и права, правата на припадниците на етничките заедници, еколошките, социјалните, културните и други права.

Во член 8 од Уставот на Р. Македонија се вели дека власта: ќе ги гарантира основните слободи и права на човекот и граѓанинот,

- ќе им овозможи на граѓаните право слободно да ја изразуваат својата национална припадност,
- ќе овозможи владеење на правото,
- •ќе биде поделена на законодавна, извршна и судска,
- ќе обезбеди слободни и непосредни демократски избори,
- ќе ја заштити сопственоста на граѓаните,
- ќе овозможи самоуправување во локалната средина, ќе се грижи за уредување, хуманизација и унапредување на животната средина.

Бидејќи во Р. Македонија освен македонскиот народ живеат и припадници



на други етнички заедници, за нив, освен општите права и слободи, Уставот пропишува и посебни права кои ја гарантираат нивната рамноправност.

Со промените на Уставот во 2001 година, во Р. Македонија е обезбедена поголема демократичност, стабилност и внатрешен мир. Според тоа, граѓаните се еднакви пред Уставот и законите. Тоа се потврдува со членот 9 на Уставот во кој се вели: „граѓаните на Р.Македонија се еднакви во слободите и правата независно од полот, расата, бојата на кожата, националното и социјално потекло, политичко и верско убедување, имотната и општествена положба”.

**Запомни:**

Уставот е камен темелник врз кој се потпира демократската власт. Тој е врховен закон на земјата и сите граѓани, без исклучок, мораат да ги почитуваат неговите одредби.

**Провери го своето знаење**

1. Што е устав и зошто служи?
2. Што се објаснува со членот 8 од Уставот на Р. Македонија?
3. Проучи како Уставот ги заштитува правата на малцинствата?

# Политички партии

## *Зошто се потребни политичките партии*

Луѓето живеат во заедници, но немаат исти потреби, желби и интереси. За да можат да живеат заедно тие треба да воспостават правила на однесување и да ги усогласуваат своите желби и интереси.

Мислителите кои ја проучувале атинската демократија дошле до заклучок дека и во неа (иако се смета дека е најчиста форма на демократија) имало спротивставени групи на луѓе заради меѓусебните несогласувања, судири на мислења и различни интереси. Иако во непосредната демократија членовите на заедницата имаат право сами да одлучуваат, тоа не значи дека тие живеат во слога, дека нема да се групираат едни против други, дека нема интересите на едни да бидат спротивставени или подредени на интересите на други.

И во денешните демократски општества постојат судири на мислења и интереси, но тие се надминуваат по пат на јавни расправи, дебати, меѓусебно договарање, заедничко донесување на одлуки.



Идејата за признавањето и почитувањето на различните интереси во општеството го отвора патот кон создавање на политичките партии.

Во 1788 година во списанието „Федералист”, Џејмс Медисон, таткото на американскиот устав вака ја објаснува нужноста за постоење на политички партии:

„Желбата за превласт, моќ и добивка е постојан белег на човековото однесување кое постојано го раздвојувало човештвото, распламтувало меѓусебно непријателство и било причина едни да ги угнетуваат другите наместо да соработуваат. Таа човечка склоност за заемно непријателство е толку силна, што и кога нема причина, поттикнува непријателски страсти и побудува најжестоки судири”.

Најчеста причина која ги групира луѓето во непријателски табори, според Медисон, е нееднаквата распределба на богатството.

Ако припадниците на општеството имаат различни интереси, тие (тајно или отворено) ќе се групираат за да ги остварат своите интереси. Затоа е потребно да им се овозможи форма на здружување преку која јавно ќе ги изразуваат своите интереси.

Најдобра можност за тоа е ако им се дозволи да формираат политички партии. Затоа политичките партии се дефинираат како организации на политички едномисленици, на социјални групи, кои имаат исти интереси и ставови во политиката.

## *Политичките партии во современото општество*

Избирачкото право на граѓаните претставува столб на секое демократско општество, па и на македонското. Граѓаните избираат свои претставници за различни институции, органи и тела во државата. На пример: избираат претставници во советите на општините, градските совети, училишните одбори, јавните установи, во претпријатијата и сл. Меѓутоа, најважни



се изборите кои се распишуваат секоја четврта година, кога граѓаните ги избираат пратениците во собранието и секоја петта година кога избираат претседател на државата. Кандидатите за овие државни функции ги предлагаат политичките партии. Граѓаните ќе гласаат за оние кандидати за кои се убедени дека ќе ги застапуваат нивните интереси и ќе им обезбедат подобра економска положба/ статус.

Проучувањата на политичкото однесување кај нас покажува дека граѓаните се определуваат за оние политички понуди кои пред сѐ ги задоволуваат нивните лични интереси, а не оние кои се во интерес на заедничко добро (јавна безбедност, подобра здравствена заштита, квалитетно образование и сл.).

Врз определбата на гласачите за кого да гласаат влијаат: содржината и целите на програмите на политичките партии (понудите на партиите кои се однесуваат на економскиот развиток на земјата, отворање на нови работни места и сл).

Но, врз определбата на гласачите влијаат и други фактори. Еден од нив е партиската припадност. Членовите на политичките партии, обично гласаат за кандидатите на својата партија.

Постојат различни политички партии. Според *идеологијата* која ја застапуваат, партиите се делат на *леви* и *десни.* Оваа поделба е направена во минатото и се задржала и денес. Според неа левите партии повеќе се залагаат за интересите на работниците, додека десните за интересите на капиталот и сопствениците.

И партиите имаат свои интереси иако ги застапуваат интересите на граѓаните во парламентот. Интересот на политичките партии е подолго да владеат.

Според податоците на Републичкиот завод за статистика, во Р. Македонија има 39 регистрирани политички партии. Тие се формираат согласно Законот за политичките партии на Р. Македонија. Според него програмите, статутите и дејствувањето на политичкате партии во Македонија не смеат да бидат насочени кон уривање на уставниот поредок на Р.Македонија. Забрането е поттикнување или повикување на воена агресија и разгорување национална, верска или расна омраза или нетрпеливост. Работата на политичките партии е јавна. Сите се залагаат за учество во власта.

**Истражувачка активност**



Пронајди на интернет програми на неколку политички партии во Македонија. Спореди ги. Обиди се да ги идентификуваш нивните сличности и разлики. Определи за каков вид политички партии станува збор. Леви или десни.

## Граѓански здруженија

Во Р. Македонија постојат голем број граѓански здруженија. Такви се: синдикатите, религиските заедници, еколошките здруженија, здруженијата за заштита на човековите права и добротворните друштва, здруженија на жени, младински и струдентски здруженија и сл.



*Сите имаат свои професионални здруженија*

## *Улогата на синдикатите*

Синдикалните права и слободи се неразделен дел од правата на човекот. Тие се содржани во Универзалната декларација за правата на човекот на Обединетите нации, но и во Уставот на Р. Македонија.

Синдикатите се независни организации на работниците, формирани врз демократски принципи. Претставуваат најстара организирана форма на дејствување, не само на работниците туку и воопшто на граѓаните, и имаат вековна традиција. Се појавиле со развојот на капитализмот, односно со порастот на експлоатацијата на трудот. Синдикатите се најмоќни невладини организации затоа што имаат многубројно членство. Настапуваат во одбрана на социјално-економските права на работниците. Се грижат за висината на платите, подобрување на условите за работа, ги заштитуваат работниците од отпуштање од работа, сè со цел зголемување на животниот стандард.

Многу е значајна нивната улога во земјите во транзиција кои преминуваат од еден економско-политички систем во друг – од социјализам во капитализам. Такво е и нашето општество. За да ја исполнуваат својата улога треба да бидат независни од власта. Во постигнувањето на својата цел можат да применат законски одобрено средство– штрајкот.

## *Еколошки здруженија*

Современите општества сè повеќе стануваат еколошки загадени општества. За таквата состојба придонесува секојдневното загадување на животната средина со отпадни материјали, хемиски производи, загадувачките гасови кои секојдневно ги исфрлаат возилата, индустриските објекти, фабриките. Во желбата да остварат поголема добивка (профит), сопствениците на фабриките



ги избегнуваат трошоците наменети за вградување на опрема со која се намалуваат штетните материи кои се исфрлаат во воздухот или водата. Најмногу се загадува воздухот и водата со што се загрозува опстанокот на севкупниот жив свет на планетата Земја. Недостатокот на еколошка свест кај граѓаните, уште повеќе ја зголемува опасноста од еколошка катастрофа.



*Децата во акција – за здрава животна средина*

За заштита на животната средина , во најголем број држави се формираат еколошки здруженија и организации кои преземаат низа активности. Основна задача им е да ја издигнат еколошката свест на граѓаните, но преземаат и мерки за заштита на животната средина. Тие преку медиумите му даваат јавност на проблемот и влијаат врз законодавната власт да донесе закони со кои ќе се заштити правото на здрава животна средина.

Задача

Прочитај го текстот, а потоа процени дали барањата на граѓанските здруженија од Велес се оправдани. Како ти би го решил случајот кога би имал власт?

(Извадок од написот на Македонската информативна агенција (МИА), 21 јануари 2008 година)

Зелената коалиција од Велес бара дислоцирање на Топилницата
„Претставниците на граѓанските организации од Велес здружени во Зелена коалиција се сретнаа со членовите на Советот на Општината и побараа да се забрза нивната иницијатива за промена на Генералниот урбанистички план во делот на локацијата на Топилницата за олово и цинк. Тие не се против економскиот просперитет на градот, но, не на начин кој се одразува врз здравјето на граѓаните... Над 90 % од жителите на Велес сметаат дека единствено решение за градот е Топилницата да се дисплоцира 18 километри јужно... Зелената коалиција, поднесе иницијатива до Владата да издвои средства од буџетот за дислокација на Топилницата"....„ Владата досега не издвои средства да ги обештети граѓаните за последиците по здравјето во изминатите 30 години од работењето на Топилницата. Но, сега има можност да ги поправи грешките од минатото и да ја заштити иднината на Велешани", рече – претставникот од Зелената коалиција.

**Научи повеќе**

**Граѓанските иницијативи ја унапредуваат демократијата**

Во периодот од 1890 до 1917 година, во САД се појавило реформско движење наречено- прогресивизам, кое имало за цел да ги отстрани застранувањата во општеството, да воспостави социјална правда и поголема демократија. Прогресивистите жестоко се спротивставувале на политичката корупција, злоупотребата на власта, грабежите во бизнисот и сл. Носители на активностите биле писатели и новинари. Еден од нив бил и






познатиот писател Марк Твен. Тој во своето дело „Улаво доба” ја критикувал демократијата во САД.

Во дневните и неделните весници се појавиле написи кои ги откривале злоупотребите што ги правела власта и големите претпријатија. Во списанието „Колиер”, новинарот Ида Меј Тарбел го објавил финансискиот скандал на фирмата Стандард Оил. Во јавноста бил познат под името - откривач на скандали.

Во новелата „Џунглата” писателот Аптон Синклер ја обелоденил вистината дека преработката на месо во една голема фабрика во Чикаго се врши во крајно нехигиенски услови. Познатиот американски писател Теодор Драјзер во своите романи „Финансиер” и „Титаник” на многу едноставен начин ги

опишал подвалувањата и измамите во големите бизниси на тогашното американско општество. Писателот Франк Норис во делото „Дупка” и открива на јавноста како трговците влијаат на цените на житото. Со ова дело тој ги поттикнал земјоделците на протести. Во делото „Срамот на градовите” писателот Линколн Стивенс ја разоткрил политичката корупција во САД.

Сите овие примери упатуваат на заклучокот дека граѓанските иницијативи имале силно влијание врз политиката. Со моќта на пишаниот збор, здруженијата на писатели и новинари ја разбранувале тогашната американска јавност и ги натерале политичките водачи да преземат конкретни мерки.






Веднаш потоа во многу држави на САД биле донесени закони со кои се подобриле условите за работа и за живот.

**Провери го своето знаење**



1. Која е улогата на граѓанските здруженија?

2. Проучи какви видови граѓански здруженија постојат во Р.Македонија. За едно од нив напиши есеј: кој го формирал, кои се причините за неговото формирање, кои се неговите активности, цели и сл?



# КОНФЛИКТ



**Што се очекува да знаеш и умееш за оваа тема**

- Да знаеш што е мирот, како се постигнува и како се оддржува,
- Да сфатиш дека толеранцијата значи меѓусебно рабирање и почитување,
- да научиш што е конфликтот и како настанува,
- да умееш да ги надминуваш конфликтите дури и кога се тие неизбежни.

**Поими кои ќе ги проучуваш**

Мир, толеранција, конфликт, општествена одговорност, добробит.

# Култура на мирот

## *Што е мир и како се постигнува*

Постојат многу теории и дефиниции за мирот. Според некои, од нив мирот претставува слобода без препреки, спокој, хармонија, несебичен чин на љубовта. Според други, мирот е внатрешно задоволство и ведрина, а за трети, состојба без насилства и зла.

Уште старите Римјани се обидувале да го определат мирот. За нив мирот претставувал состојба без војни. Во најширока смисла на зборот, ***мирот е состојба на хармонија, без никакви конфликти не само помеѓу луѓето, туку и помеѓу луѓето и природата.***

Во Индија „шанти" значи мир и подразбира совршен ред или мир на душата. Вакво сфаќање за мирот имал и Махатма Ганди, еден од водачите на индискиот народ за ослободување од британското колонијално ропство. Тој го водел својот народ според „Ахимсата" (стратегија на водство), која во суштина значи воздржување од сè она што на кој било начин може да биде штетно. Тој постојано велел: „Јас знам дека Ахимса значи ненасилство, но таа за мене има пошироко значење. Според неа вие не смеете никого да навредите, не смеете да имате лоши мисли дури ни за оние кои ги сметате за непријатели. Сите оние што ја прифаќаат Ахимсата не смеат да имаат непријатели".

Во традицијата на старите Маи, мирот значи благосостојба, рамнотежа помеѓу различни области од човековиот живот.

Но, се поставува прашањето како да се обезбеди мир во услови кога меѓу луѓето и општествата постојат толку многу етнички, верски, културни недоразбирања и конфликти, непријателства, економски и социјални неправди, сиромаштија. Како децата да научат да бидат мирољубиви кога постојано гледаат и слушаат за насилството. Уште во рана возраст, тие можат во разни емисии, реклами, филмови да видат илјадници убиства и насилства. Куклената индустрија произведува играчки и разни видео игри кои поттикнуваат кај децата насилие.

Свесно или не, денешните модерни општества како да го одобруваат насилството. Во некои општества насилството е вредност и секој што се обидува да избегне какво било насилство се смета за слаб, немоќен.




Обезбедувањето на мирот е една од најтешките задачи која се поставува денес пред човечката заедница.

***Толеранцијата е средство како да се постигне мирот.***

***Без толеранција нема мир.*** Нетолерантни луѓе се сите оние кои се смета-

ат себе си, своите ставови, верувања и стил на живеење најдобри од сите други. Нетолерантноста создава последици какви што се: недостиг на учтивост, непочитување и игнорирање на другите, но, може да биде и причина за апартхејд, уништување на еден народ од друг (геноцид) и сл.

Кај нетолерантните луѓе не постои желба да ги уочуваат и откриваат основните вредности кај човекот. Тие не се обидуваат да ги разберат луѓето онакви какви што се. Нетолерантноста е показател дека меѓу луѓето постојат „општествено - деструктивни болести” и насилие и дека треба да се преземат соодветни активности за нивно „лекување”. Најефикасни превентивни мерки за спречување на ваквите појави е постојаното образување и воспитување на населението, особено на младите, за мир, толеранција, дијалог, за правата на човекот , за демократија и за граѓанска култура.

***Дијалогот*** е најдобар метод преку кој се остварува успешна комуникација меѓу луѓето. Преку него луѓето разменуваат мислења, ставови, искуства, ги усогласуваат различните интереси, а тоа им помага проблемите да ги решат по мирен пат. Дијалогот тешко се воспоставува, но е многу корисен, особено за луѓето кои припаѓаат на различни култури и религии. Тие преку дијалогот ги смируваат своите негативни амбиции, го спречуваат непријателството и ги избегнуваат причините за конфликт.



*Кога јас бев на твои години сине немаше е-маил. Кога сакав некому нешто да кажам морав да му го кажам в лице.*

Задача за ученичките

Замисли дека си мажена во далечна и туѓа земја.Твојот сопруг безмерно те сака и не бара од тебе да се менуваш. Но, ти од другите жени во новата средина се разликуваш и по верата и по јазикот и по начинот на облекување. Поради непознавањето на јазикот не разговараш со никого и поради тоа другите луѓе од селото мислат за тебе дека си многу чудна. Како ќе го организираш својот живот?



Задача за учениците

Запознаваш и се жениш со девојка од далечна и туѓа земја, со која твојот народ со години војува. Таа безмерно те сака. Ги напушта својот народ и своите најблиски само за да биде со тебе. Во новата средина таа не го разбира јазикот, а се разликува од другите жени и по верата и по начинот на облекување и однесување. Твоите родители, пријателите не ја прифаќаат и вашиот брак го доживуваат како грешка и срамота. Како ќе го организираш својот живот. Како ќе ја одбраниш сопругата од нападите на средината во која живеете?

# Конфликт

## *Што е конфликт*

***Зборот конфликт доаѓа од латински збор цонфлицтус, кој означува несогласување, спор меѓу две или повеќе лица или групи, кој во одредени случаи, доколку не се надмине, може да прерасне во вооружен судир*.**

Треба да се прави разлика помеѓу конфликт и судир. Судирот не мора да прерасне во конфликт. Недоразбирањата во семејството, меѓу соседите, во работните организации се примери за секојдневни судири кои се разрешуваат по пат на договарање (компромис). Отсекогаш постоел и судир помеѓу генерации, судир меѓу половите, судир меѓу патријархални и современо воспитани луѓе и сл.

Но, судирите помеѓу големите општествени групи како што се класите, политичките партии, етничките и верските групи кога прераснуваат во конфликт можат сериозно да го загрозат животот во општествената заедница.

За да се нарече некоја состојба конфликтна, во неа треба да постојат: страни кои се вклучени во конфликтот, конфликтно однесување и конфликтни интереси. ***Поединците или групите кои се директно учесници во конфликтот се наречени страни во конфликтот***. Во секој конфликт мора да учествуваат најмалку две спротивставени страни, а може и повеќе.

*Конфликтното однесување* ги опфаќа сите активности кои ги презема една страна со намера да и се спротивстави на друга страна. Тие можат да бидат со различен интензитет



и во различна форма: расправии, навредувања, удирањата, војување.

***Конфликтот е состојба која е резултат на неусогласени интереси***. Доколку страните имаат заеднички интереси тогаш не постои конфликт. Во сите области на животот постојат неусогласени интереси. Во семејството, политиката, училиштето, на спортско игралиште. Ако ти сакаш да гледаш образовна емисија, а твојот постар брат сака да гледа фудбал на телевизија, тогаш настанува конфликт затоа што твоите интереси не се исти со интересите на брат ти. Политичарите понекогаш донесуваат одлуки без да ги почитуваат интересите на граѓаните и затоа настануваат конфликти.

Голем број мислители конфликтите ги сметаат за болест на општеството. За други тие настануваат затоа што луѓето немаат еднакви можности да ги остварат своите права. Трети, пак, сметаат дека конфликтите отсекогаш ги имало и ќе ги има сè додека постои човечкиот род.

Англискиот филозоф Томас Хобс во своето дело „Левијатан” укажува на неминовноста од судири меѓу луѓето. Според него луѓето поседуваат приближно еднакви телесни и духовни способности, па затоа и имаат при-



ближно еднакви желби и потреби. Ако се случи двајца да сакаат иста работа, тогаш настанува конфликт.

Германскиот филозоф Карл Маркс од 19 век направил темелна анализа на историскиот развој на општествата. Според него историјата на сите досегашни општества е историја на класни војни. Со исклучок на првобитното, во сите други општества секогаш постоеле две големи спротивставени групи на луѓе (класи) кои имале различни интереси: робовладетели и робови, феудалци и кметови, капиталисти и работничка класа. Тие се разликувале според местото што го заземале во општеството, односно според материјалното богатство што го поседувале. Едни се богателе на сметка на други.

Шкотланѓанецот Адам Фергусон во своето дело „Сфаќања за историјата на граѓанското општество”, укажува дека општествените конфликти имаат своја улога. Затоа конфликтите постојат и не можат да се прикриваат.

Ако ги прифатиме размислувањата на Хобс, Маркс и Фергусон, тогаш конфликтите во општеството се неминовни. Иако поединците, групите во општеството ( семејствата, политичките партии, класите), институциите на власта (парламентот, владата) знаат кои се нивните обврски и како треба да се однесуваат, сепак постојат недоразбирања, спорови, расправии, судири и сл.



*Дали е ова конфликтно однесување?*

Во комунистичките општества се тврдеше дека не постојат конфликти. Конфликтите постоеја, само што не се признаваше нивното постоење. Ако конфликтите не се признаваат тогаш не се изнаоѓаат ни начини за нивно разрешување.

Во демократските општества конфликтите постојат и не можат да се прикријат. Тие се поизразени во мултикултурните општества во кои живеат луѓе од различно етничко потекло, имаат различни култури и религии, зборуваат различни јазици, почитуваат различни вредности и обичаи.



**Истражувачка активност**

Напиши есеј во кој ќе ги проучиш причините за настанување на конфликтите во твојата паралелка или во училиштето. Особено е важно да ги проучиш конфликтите меѓу момчињата и девојчињата, меѓу помалите и поголемите ученици, помеѓу одличните и слабите ученици, помеѓу наставниците и учениците. Потоа обиди се да понудиш начин за нивно разрешување.

## *Причини за настанување на конфликти*

Конфликтите настануваат од различни причини: од желба за моќ, лично докажување, престиж и сл. Во зависност од нивото и областа од каде потекнува, конфликтот може да биде: конфликт на личноста, конфликт меѓу

поединците, групен конфликт, општествен, меѓународен, идеолошки, економски, политички, религиозен, воен конфликт и сл.

Кога двајца или две групи на луѓе сакаат нешто, а тоа не е доволно за двете страни, тогаш настанува конфликт, а причината за него е *недостаток на ресурси*.

Кога пак поединци или групи на луѓе не можат да ги задоволат своите основни потреби (вода, храна, засолниште) и со тоа е загрозено нивното здравје и опстанокот, тогаш може да настане конфликт чија причина е *неможноста да се задоволат основните потреби за живот.* Доколку поединци или групи подолго време се чувствуваат несигурни, непочитувани, несакани од другите, тоа може да биде причина за настанување на *емоционални конфликти*.

Причина за конфликт може да бидат и различните *вредности* кај луѓето кои се формираат во зависност од средината во која живеат и на културата на која и припаѓаат. Така на пример, децата од племето Сијукс во Јужна Дакота (САД), нема да одговорат на поставените прашања на наставникот ако не се сигурни во одговорите. Ако нивниот наставник е бел Американец и не ја познава културата на Сијуксите, тогаш тој може да помисли дека тие не научиле или дека не сакаат да одговорат затоа што го сметаат за непријател.



**Задача**

Состави приказна според сликите, а потоа изведи заклучок.



## Видови на конфликти

Во едно општество постојат различни конфликти и доколку ги познаваме ќе можеме полесно да се справиме со нив. Конфликтите можат да се поделат според местото каде се случуваат, начинот на кој се јавуваат, причините поради кои настануваат, како и според последиците кои можат да ги предизвикаат.

***Во зависност од тоа дали конфликтите се случуваат во рамките на една држава или помеѓу различни држави, разликуваме внатрешни и надворешни конфликти.*** Причина за внатрешните конфликти најчесто се различните сфаќања на проблемите на заедничкиот живот. Овие конфликти најчесто завршуваат со граѓанска војна, но во современите општества многу поретко.

***Конфликтите кои настануваат меѓу две или повеќе држави се меѓудржавни конфликти.*** Причи-



ните за ваквите конфликти можат да бидат: проблеми со меѓуграничната линија, несогласувања околу природните богатства, одредени политички прашања и сл. Овие конфликти најчесто завршуваат со војна.

Многу често во светот се случувале и сè уште се случуваат конфликти кои започнале како внатрешни (на територијата на една држава), а завршиле како надворешни, меѓународни.Така на пример, во една држава може да започне граѓанска војна помеѓу мнозинското население и едно малцинско население. Ако во војната дојдат на помош „браќа преку граница” од исто етничко потекло како малцинската група во државата во која се води граѓанската војна, тогаш војната ескалира (се проширува) и во друга држава. Од овие причини малцинските прашања многу често се користат за да започне војна со соседна држава. Овие конфликти се наречени ***комбинирани.***

Конфликтите можат да бидат ***скриени и видливи***. Скриените конфликти уште се нарекуваат и латентни. Тие не се забележуваат, но тоа не значи дека не можат да доведат до посериозни последици. Кај овие конфликти реално постојат спротивставени интереси, ама не постои конфликтно однесување.Тоа е прикриено. Доколку навреме не се забележат, овие конфликти можат да се прошират и наеднаш да се појават со многу силен интензитет.



Видливи конфликти се сите оние во кои конфликтно однесување е видливо, очигледно. Ваков вид конфликти секогаш први се решаваат. Кај нив веднаш се препознаваат страните вклучени во конфликтот, полесно се определуваат последиците но и побрзо се изнаоѓаат решенија за нив.




***Постојат и конфликти кои настануваат без некоја посебна причина и тие се наречени нереални.*** Тие настануваат најчесто поради нетрпеливост, предрасуди, недоразбирања помеѓу поединци и групи Но, постојат и ***реални конфликти*** за кои постојат објективни причини. Такви се сите оние конфликти кои настануваат заради спротивставени мислења, исти или слични желби и потреби. Пример за тоа може да бидат конфликтите помеѓу работодавачите и синдикатот. На работодавачите најчесто не им е мило кога треба да им исплатат на работниците повисоки плати, или кога треба да вложат повеќе пари за нивна заштита при работа. Но, тоа работниците не ги интересира. Тие сметаат дека теба да бидат заштитени на своите работни места и затоа најчесто штајкуваат.



***Деструктивни*** се оние конфликти кои секогаш доведуваат до негативни последици и сериозно ги нарушуваат односите меѓу поединците и групите. За разлика од нив, ***конструктивните*** конфликти имаат позитивни исходи. Учесниците во овој вид конфликтот најчесто се задоволни и чувствуваат дека конфликтот влијаел тие да се променат во позитивна насока. Тие конфликтот го доживуваат како предизвик, како можност да ги изразат своите способности и квалитети како личности.

## Разрешување на конфликтите во демократските општества

Луѓето најчесто го сметаат конфликтот како проблем кој треба што поскоро да се разреши на еден конструктивен начин и во интерес на страните кои се вклучени во него. Најуспешно се решаваат оние конфликти кои се наоѓаат во својата *предконфликтна состојба*, односно додека не прераснале во повисок стадиум.

Во демократските општества конфликтите објективно постојат и во зависност од нивната природа се изнаоѓаат институционални или законски рамки за нивно разрешување.

***Постигнување договор и согласност*** е еден од начините за разрешување на конфликтот. Притоа страните во конфликтот настојуваат максимално да ги почитуваат ставовите и барањата што меѓусебно си ги поставиле. Во практиката овој начин на разрешување на конфликти е многу чест, но потешко се реализира токму заради максималистичките барања. Доколку една од страните вклучени во



конфликтот доброволно се откаже од ваквите барања, тогаш велиме дека конфликтот е решен по пат на **компромис.** Компромисот значи делумно повлекување за да не се загуби сè.

Голем број конфликти во демократското општество се решаваат **арбитражно.** Ова се случува кога страните во конфликтот ќе се согласат во разрешувањето на истиот да се вклучи трета страна (личност или комисија). Третата страна (арбитражата) може да се вклучи и без согласност на двете спротивставени страни, доколку постои опасност конфликтот да се прошири. Со помош на арбитражата, страните во конфликтот почнуваат да ги осознаваат своите грешки, се обидуваат да најдат начин како да ја надминат конфликтната состојба. Најчесто се применува методот на посредување – медијаторство. Медијаторите го контролираат процесот на преговарање.

***Протестите*** се начин на однесување, реакција, на граѓаните предизвикана од некоја новонастаната (конфликтна) состојба во заедницата. Преку нив тие изразуваат задоволство или незадоволство кон оние кои ја предизвикале таа состојба, односно претставниците на власта. Во практиката најчесто преку протестите граѓа-

ните го изразуваат своето незадоволство од некоја конфликтна состојба.

Политичките конфликти во демократските општества се разрешуваат и со *правни норми.* На пример, за да се надминат конфликтите кои настануваат за време на парламентарните избори, власта мора да донесе *изборен закон* во кој јасно се дефинирани правилата, парламентарните процедури за спроведување на изборите. За да може, пак, да се контролира дејствувањето на политичките партии, во државата мора да постои Закон за политички партии.

Постојат и закони со кои се регулираат работните односи во демократските општества. Така, на пример, со Законот за работни односи на Р.Македонија јасно се дефинирани начините на склучување на работен однос, како и правата и одговорностите на работодавачите и на работниците. Општествено-економските промени се често причина за нарушување на овие односи и создавање конфликтни состојби.

## *Меѓународни инструменти за превенција на конфликтите и градење на мирот*

Неколку меѓународни организации создадоа збир на важни инструменти за превенција на конфликтите и градењето на мирот. Најразвиени се оние на ОБСЕ (*Организација за безбедност и соработка во Европа*), со цел да се надминуваат можните конфликти во земјите кои го минуваат процесот на транзиција (премин од еден во друг општествен систем). Значајна институција на ОБСЕ на полето на превенцијата на конфликтите е *Високиот комесар за национални малцинства.* Негова задача е да ги идентификува етничките конфликти кои можат да го загрозат мирот, стабилноста и врските меѓу државите- членки на ОБСЕ. Врши мисии (посети) на лице место, подготвува извештаи, дава препораки, го охрабрува дијалогот меѓу страните во конфликтот.

*Превентивната дипoлматија,* исто така, е инструмент кој го користи меѓународната заедница во превенција на конфликтите во постконфликтните општества. Тоа е инструмент со кој се собираат податоци за рано откривање (предупредување) на конфликти. Не беше случајно присуството на набљудувачите на ОБСЕ во Р. Македонија.

Постојат и меѓународни организации и движења кои се грижат и за намалување на страдањата и штетите од вооружени конфликти, во случаи кога тие се неизбежни. Една таква организација е и Меѓународниот комитет на Црвениот крст која делува како неутрален посредник во вооружените конфликти. Нуди заштита и помош на жртвите во меѓународните, граѓанските војни, внатрешни немири и организира болници на отворено и сл. Повеќе за создавањето и делување на оваа организација ќе можеш да прочиташ во третата тематска целина на овој учебник наречена Истражување на Меѓународното хуманитарно право.




**Запомни**

Во демократските општества за конфликтите секогаш постојат решенија. Тие се разрешуваат по институционален пат, а правилата за нивно разрешување се составен дел од функционирањето на општествената заедница. Ова е значајна карактеристика според која се разликуваат демократските од недемократските општества.

**Задача**

Прочитај го текстот, а потоа коментирај ја настанатата состојба. Дали постои конфликт и ако постои како би можел да се надмине.

Обелоденувањето на деталите од систематизацијата во Македонската радио-телевизија предизвика незадоволство и остри реакции кај вработените. „Состојбата во куќата е на ниво на вриење откако пред два дена и официјално е објавено дека , според систематизацијата на работните места, наместо досегашните 1050 луѓе, во МРТ треба да има вкупно 721 вработени" – се вели во едно соопштенија во весникот Дневник.

# ИСТРАЖУВАЊЕ НА МЕЃУНАРОДНОТО ХУМАНИТАРНО ПРАВО



**Што се очекува да знаеш и умееш за оваа тема:**

- да ги усвоиш и објасниш поимите хуманитарен чин и социјален притисок;
- да сфатиш кога е загрозен нечиј живот;
- да развиеш чувство за солидарност;
- да ги знаеш правилата кои се почитуваат за време на војна;
- да ги препознаваш прекршителите на правата;
- да го определиш поимот воено злосторство;
- да го објасниш поимот хуманитарна акција

**Поими кои ќе ги проучуваш**

Очевидец, достоинство, хуманитарен чин, социјален притисок, дилема, војна, воено злосторство, воени злосторници, обичајно право, воено право, санкција, жртва, хуманитарна акција

# Како настанало Меѓународното хуманитарно право




Досегашната историја на човештвото, пред сè е историја на бројни промени и преобразби во насока на создавање на трајни цивилизациски вредности. Но, историјата памети и настани кои сериозно ја загрозувале сигурноста на луѓето, нивниот живот и достоинство.

Нетолерантноста, верската и етничката нетрпеливост, желбата за моќ, власт и превласт, претензиите за освојување на туѓи територии, најчесто биле причини за непријателски односи помеѓу поедини народи. Многу често завршувале и со вооружени судири, со неизбежни последици: страдања на населението, разурнувања, загадување на животната средина и сл. Ова ги натерало луѓето да размислуваат во насока на изнаоѓање начини како да се намалат последиците од вооружениот судир. Решението на проблемот го гледале во донесување на правила со кои ќе се ограничи однесувањето на луѓето за време на вооружен судир.

До средината на 19 век овие правила претставувале дел од обичајното право. Главен иницијатор и поттикнувач на првиот договор за создавање на меѓународното хуманитарно право е швајцарецот Анри Динан (Хенри Дунант), кој бил познат деловен човек. За масакрот од вооружениот судир кај гратчето Солферино во северна Италија, во 1859 година помеѓу француските и австриските војници, Динан напишал книга „Сеќавањата на Солферино“. Во неа ги опишал ужасите на битката, а потоа дошол на идеја да формира *неутрална организација* која ќе се грижи за ранетите војници. Предложил и мерки со кои, по негово убедување, можат да се намалат жртвите од секој вооружен судир.

Примероци од книгата испратил на адреси на познати политички и воени личности од повеќе европски земји. Набргу потоа, формирал меѓународен одбор за помош на ранетите познат како Одбор на петмината кои ги ширеле овие идеи низ целиот свет. На својот прв конгрес во октомври 1863 година на кој учествувале претставници од 14 држави се разговарало како да се подобри грижата за ранетите војници. Една година подоцна во Женева одржана е првата конференција на која биле поканети сите земји од Европа, САД, Бразил и Мексико. Дванаесет од вкупно шеснаесет држави ја потпишале првата женевската конвенција.



*Првата женевска конвенција 1864 год.*

Денес постојат 4 Женевски конвенции и на нив дополнителни протоколи. Првата женевска конвенција се однесува на заштита на ранетите и болните, втората ги штити ранетите, болните и бродоломците во вооружен судир на море, третата пропишува како треба да се постапува со воени заробеници, а четвртата содржи правила како да се заштитат цивилите во вооружен судир.

Правилата кои се содржани во овие конвенции важат исклучително во време на вооружен судир. Тие правила се познати под името Меѓународно хуманитарно право (МХП) или правила и норми за вооружен судир. Иако е тешко да се зборува за постоење на право и правила во една крајно нехумана ситуација каква што е вооружениот судир, сепак доколку тие се почитуваат од страните вклучени во судирот, во голема мера се ограничуваат насилствата, страдањата и штетите кои може да ги предизвика судирот. Примената на Меѓународното хуманитарно право помага во воспоствување на конечниот мир меѓу завојуваните страни и зачувување на човековото достоинство. Тоа го постигнува со четири вида правила:

- Правила за заштита на лица во вооружен судир
- Правила за заштита на објекти во вооружен судир
- Правила за забрана на употреба на средства за војување и
- Правила за забранети начини на војување

Првата група на правила што се однесуваат на заштита на лица во вооружен судир се содржани во четирите женевски конвенции.

Со втората група на правила во Меѓународното хуманитарно право се заштитуваат цивилни објекти како и други објекти што не се воени (санитетски објекти, културни објекти, споменици, природната средина).

Со третата група на правила во Меѓународното хуманитарно право се забранува употреба на специфични видови на оружје за време на вооружен судир (хемиско и биолошко оружје, распрскувачки проектили и сл.).

Четвртата група на правила ги забранува подмолните начини на војување. Тоа значи дека во вооружен судир не е дозволено да се наведува непријателот да покаже доверба, а потоа тоа да се злоупотреби за стекнување на воена предност. На пример, една од страните во судирот истакнува бело знаме во знак на предавање, а потоа отвора оган.

Иако во Меѓународното хуманитарно право не постојат прецизни правила за секоја ситуација во вооружениот судир, сепак тоа не значи дека секоја постапка е дозволена. За жал, прекршување на ова право имало и сè уште има во скоро сите вооружени судири. Од тие причини формиран е Меѓународен кривичен суд како и судови кои се формираат по потреба, со одлука на Советот за безбедност на Обединетите нации.

**Провери го своето знаење**

1. Како настанало Меѓународното хуманитарно право и кога се применува?
2. Со каква цел е создадено Меѓународното хуманитарно право?
3. Употреби го знаењето од историја и наведи примери на подмолни начини на војување?



# Очевидец и достоинство

Преку средставата за јавно информирање - весниците, радиото , телевизијата, интернетот постојано дознаваме за настани во кои е повредено нечие достоинство. Многу настани остануваат нерасветлени, бидејќи за нив не постојат докази или очевидци на настанот.

Прочитај ја вимателно приказната „Храбриот продавач“, анализирај го настанот опишан во неа, а потоа обиди се да одговориш на прашањата. Тие ќе ти помогнат да го откриеш значењето на поимите *очевидец* и *достоинство,* да ја сфатиш потребата од хуманитарното дејствување и да умееш да ги предвидуваш ризиците и опасностите доколку се најдеш во ситуација на очевидец.

***Храбриот продавач***

Тајланд е земја во југоисточна Азија, чиј главен град е Бангкок. Пред Втората светска војна главна стопанска гранка во оваа земја било земјоделство. Но, процесите на индустријализација и урбанизација значително придонеле за кратко време да се подобри и општата благосостојба во земјата. Се зголемиле и процесите на миграција. Немањето пристап до обработливото земјиште ги принудило луѓето од селата сè повеќе да се населуваат во градовите. Голем број од луѓето и не успевале да најдат работа во градовите со што се зголемувале социјалните проблеми. Невработеноста довела до зголемување на криминалот и бездомништвото. Но, најголемите проблеми ги предизвикувале тинејџерските банди.

Постои една улица во Бангкок во која се случувале тепачки. Во оваа приказна е опишана една таква тепачка.

Еден ден група момчиња од едно техничко училиште му се нафрлиле на едно момче од друго училиште со намера да го истепаат. Кутрото момче почнало да трча за да се спаси. Гледајќи дека никој од минувачите не се обидува да му помогне, решило да се скрие во еден мал дуќан на крајот на улицата. Затропало на



вратата од дуќанот. Продавачот му ја отворил задната врата на дуќанот и му дозволил на момчето да се скрие. Момчињата што го бркале момчето биле редовни муштерии во дуќанот.

Храбриот продавач го спасил момчето. Не го спречила ни помислата што сè можело да му се случи доколку групата увидела дека продавачот го скрил момчето во дуќанот, ниту помислата како овој настан може да влијае врз неговата понатамошна работа.

**Провери го своето знаење**

1. Кога и каде се случил настанот опишан во приказната?
2. Чиј живот /достоинство биле загрозени во приказната и на кој начин?
3. Освен продавачот, кои се другите сведоци на настанот? Зошто не се обиделе да му помогнат на момчето?
4. Што можело да му се случи на продавачот ако напаѓачите го пронашле момчето скриено во продавницата?
5. Дали продавачот бил свесен за последиците во моментот кога решил да му помогне на момчето?
6. Како би постапил ти да си на местото на продавачот?

**Задача**

Анализирај ги примерите, а потоа заклучи за кој човек велиме дека е очевидец. Дали е нечие достоинство повредено?

„Во врска со трагичната смрт на претседателот Трајковски и неговите соработници, според изјавите на очевидци пред да се урне авионот слушнале експлозија во воздухот... “

„Според зборовите на дваесетина патници-очевидци, поради мраз на коловозот возилото, најпрво се превртело, а потоа удрило во автобус“.

„Двајца ученици сакале да се пошегуваат со својот другар. Го зграпчиле за качулката од горниот дел на тренерката и го обесиле на закачалката. Очевидци велат дека ако не се скинела качулката ученикот ќе се задушел“.

„Во еден студентски дом во Загреб се случи инцидент. Лицето Ј.К. со своите другари претепаа студент. Според тврдењето на очевидците, еден од тепачите бил и претседателот на студентската организација. “



Запомни



Очевидец е човек кој следел (набљудувал) настан во кој бил доведен во опасност животот и/ или достоинството на друг/други. Очевидецот сам одлучува дали да се вмеша во инцидентот или не. Достоинство е да се биде третиран со почит.

# Хуман чин и социјален притисок

Да бидеш хуман значи да си човечен, да имаш активен однос кон вредностите, особено кон луѓето кои од било кои причини не се во состојба да ги задоволат своите потреби. Хуманоста не создава зависност меѓу луѓето, ами напротив, почитување на личноста на секоја индивидуа, нејзините способности и потенцијали.

Внимателно прочитај ја приказната „Сама на клупата“, а потоа обиди се да го определиш значењето на термините хуман чин и социјален притисок.

## *Сама на клупата*

Во 1954 година Врховниот суд на Соединетите Американски држави ја укина расната сегрегација. Со тоа им се дозволи на црните ученици да одат во истите училишта со белите ученици. Но, некои луѓе сè уште се противеа на ваквата одлука. Еден од тие беше и гувернерот на државата Арканзас кој настојуваше да ја спречи наредбата дури и со закани: „Крв ќе се пролее по улиците ако учениците Црнци се обидат да влезат во Централното средно училиште во Литл Рок“.

Во ова училиште учеа исклучиво ученици белци. Училиштето мораше да ја спроведе одлуката независно од ставот на гувернерот. Затоа училишниот одбор направи друг план. На почетокот на 1957 година се согласи да прифати девет црни ученика. Една од нив беше и Елизабет Екфорт.

Училишниот одбор на училиштето, ги замоли родителите на овие девет ученика да не ги придружуваат своите деца до училиштето. Се плашеа дека присуството на Афроамерикански родители би можело да предизвика создавање толпи луѓе од кои може да се очекуваат непријатни ситуации. Затоа беше договорено еден адвокат да ги испраќа до училиштето сите девет црни ученика. Елизабет не знаеше за договорот и еден ден тргна сама до училиштето.





Кога слезе од автобусот, во близина на училиштето Елизабет забележа толпа разлутени бели луѓе и стотици вооружени војници, на кои гувернерот им беше наредил да ги спречат деветте ученици да влезат во училиштето. Елизабет си помисли дека безбедно ќе дојде до училиштето ако помине од зад вооружените војници. Но тие ја тргнаа на страна.

„Толпата почна да ме следи, нарекувајќи ме со разни имиња. Почувствував како колената ми се тресат поради сомнежот дали ќе успеам да дојдам до училиштето.Тоа беше најдолгата улица што сум ја изодела во животот. Но, не бев толку исплашена, бидејќи си мислев дека војниците ќе ме заштитат. Стигнав до училиштето. Се доближив до еден од војниците очекувајќи дека ќе ме пушти да влезам заедно со неколку бели ученици. Но, тој само погледна пред себе и не дозволи да влезам. Не знаев што да правам. Кога пробав да се протнам од зад него, тој го подигна бајонетот.

Некој почна да вика: „Линчувајте ја! Линчувајте ја! Се обидов да најдам некое пријателско лице. Погледнав една стара жена, но таа ме плукна. Погледнав кон улицата и здогледав една клупа на автобуската станица. Истрчав до клупата и седнав“ .

Дел од толпата разлутени луѓе ја следеа Елизабет до клупата, извикувајќи: „Довлечкајте ја до дрвото“. Намерата им беше да ја обесат Елизабет.

Додека Елизабет седеше на клупата што и се чинеше како цела вечност, една бела жена, по име Грејс Лорч се проби низ толпата и прозборе на Елизабет. Елизабет полека ги подигна очите и погледна во непознатата жена. Таа ја испрати Елизабет до најблиската автобуска станица. Елизабет се качи на автобус и се спаси од толпата.

**Провери го своето знаење**

1. На кои начини бил загрозен животот/ достоинството на Елизабет во приказната?
2. На кој начин општествената средина влијаела врз одлуката на очевидецот ( белата жена) да и помогне на жртвата (Елизабет
3. Зошто белата жена постапила поинаку од другите присутни? Дали ја оправдувате нејзината постапка?
4. Кои биле причините поради кои другите присутни не сакале да и помогнат на Елизабет?
5. Кои се евентуалните последици со кои можела да се соочи белата жена (очевидецот) по одлуката да и помогне на Елизабет?

**Вежба**

социјален притисок

← →

| во прилог на заштита на хуманиот чин | спротивно на хуманиот чин |
| --- | --- |

Повлечи една права хоризонтална линија со стрелки во различни насоки како што е претставено на сликата долу. Линијата го означува социјалниот притисок, односно влијанието што го врши средината врз вршителот на хуманиот чин. Оцени дали постои социјален притисок врз вршителите на хуманите чинови во наведените примери. Примерите се искази на луѓе инволвирани во неодамнешни војни и ги опишуваат хуманите чинови со кои се соочиле, на кои биле сведоци или за кои слушнале од други. Доколку оцениш дека во нив постои социјален притисок, распореди ги на линијата каде припаѓаат: на лево, примерите каде социјалниот притисок е во прилог на заштита на хуманиот чин; на десно, ако се спротивставуваат на хуманиот чин. Вежбата направи ја сам (во тетратка или на голем лист хартија), а потоа сподели ги размислувањата со твоите другари. Можеби тие поинаку размислуваат од тебе. Следи го примерот!

**Пример:** - „Видов пет наши војници кои носеа 500 цивили од селото во затвор. Знаев дека за тоа нема наредба и се обидов да ги спречам, но нашите војници не ми дозволија. Дури беа спремни да пукаат во мене. Отидов и му кажав на мојот командир. Успеав да ги спасам цивилите од затвор“- **Војник**

**Одговор:**

Војникот сакал да изврши хуман чин- да спаси 500 цивили од затвор. Меѓутоа бил спречен од своите другари - војници (социјален притисок) кој е спротивен на хуманиот чин на војникот (тие не му дозволувале на војникот да им помогне на цивилите). Затоа овој исказ треба да се постави од десната страна на линијата.

**Примери за вежбање**

1. Отидов да му помогнам на едно лице чија што куќа беше уништена во бомбардирањето, а тоа лице уби еден член од моето семејство. Му помогнав бидејќи човечките вредности во мене ме натераа да го сторам тоа.Тој не знаеше дека јас знам оти тој го уби членот од моето семејство **– свештеник**
2. Мојот син зароби некои луѓе- седум или осум, кои се загубиле. „Ќе ги претепам - рече- бидејќи можеби тие го убија мојот татко. Но, следниот ден дојде и ми рече дека ги пуштил“- **мајка**
3. Непријателот го однесе мажот ми во логор. Еден човек од непријателската страна му однесе храна и облека, а никој не знаеше за тоа. Не можеше да го спречи заминувањето во логор, но му помогна колку што можеше. Би сакала да го сретнам тој човек - **жена, чијшто сопруг е исчезнат во војната**.

**Тоше Проески постхумано е одликуван со највисокото признание на Црвениот крст на Р. Македонија - златен медал на хуманоста, а неговото Крушево е прогласено за најхуман град . Знаеш зошто.**



## Дилема на очевидецот

Секој човекот во текот на животот барем еднаш се соочил со некоја дилема.  И ти како осмооделенец се наоѓаш пред голема дилема: дали образованието да го продолжиш во гимназија или во средно стручно училиште. Повеќето од родителите се во дилема како да постапуваат  при воспитанието на своите деца; наставникот понекогаш се двоуми со која оценка да го оцени  ученикот. Момчињата  најчесто се двоумат што да им подарат за роденден на своите  девојки.

За да го разбереш подобро поимот дилема, прочитај ја приказната „Тој само се забавуваше“. Во неа е опишан еден настан во кој било загрозено човечко достоинство, а се случил во присуство на очевидец.

***Тој само се забавуваше***

За време на апартхејдот во Јужна Африка, една бела жена по име Венди се обидела да го посети својот пријател црнец, кој бил политички затвореник. Белците, кои го управувале затворот, и одговориле дека на белците не им е дозволено да посетуваат црнци. Таа отишла кај управникот на затворот. Тој и дозволил да го посети својот пријател можеби затоа што нејзиниот сопруг бил уредник на локалниот весник. Таа се вратила во ходникот за да го почека пријателот кого се обидувала да го посети. Следува нејзиното кажување за настанот што се случил потоа:

„Додека  чекав, забележав еден млад затвореник, црнец во затворска облека, како стои малку понатаму во ходникот. Изгледаше загрижен и понизен, како некој да му рекол да стои таму и да чека. Тогаш наиде еден стражар, кој додека поминуваше покрај затвореникот се втурна во него и почна силно да вика. Стражарот всушност не беше лут, тој, едноставно, се забавуваше. Одеднаш затвореникот ги крена рацете за да се заштити од ударите што ги очекуваше од стражарот. Виткајќи ја едната рака преку стомакот и подигнувајќи ја другата за да ја заштити главата, затвореникот  одговараше на прашањата и на потсмевот на стражарот. Стражарот потоа продолжи одејќи кон мене. Забележа дека внимателно





го гледам  и во моментот кога ме погледна сфатив дека тој не само што не се засрами од мене, туку во неговите очи мојата бела кожа автоматски ме претвори во соучесник во тоа што го направи.

Прошета понатаму, очигледно здодевајќи се, го снема на кратко, а потоа се врати назад кон црнецот. Кога му се приближи, црнецот почна да се повлекува, а со рацете зазема одбранбена положба. Стражарот, очигледно, се забавуваше. Присуството на „публика“ (моето присуство), очигледно, придонесуваше сето тоа да му биде уште позабавно“.



### Провери го своето знаење

- Кога и каде се случил настанот во приказната?
- Чие достоинство било загрозено во приказната и  на кој начин?
- Кој е очевидецот и со какви пречки се соочил?
- Во каква ситуација се нашол очевидецот на настанот?



### Задача

Обиди се да ја довршиш приказната. Опиши што се случило понатака. Како реагирала Венди, а како стражарот? Како би се чувствувал да си на местото на Венди?

## Основи на меѓународното хуманитарно право

Човековите права никогаш не престануваат да важат, но тие се загрозуваат со започнување  на вооружен судир. Поради тоа постојат  дополнителни правила со кои се настојува да се контролира однесувањето на завојуваните страни. Со нив се ограничуваат насилствата во текот на војната и се зачувува човековото достоинство. Тие правила се познати под името Меѓународно хуманитарно право. Доколку учесниците во војната нив не ги почитуваат, одговараат пред суд.



Значи Меѓународното хуманитарно право забранува неограничена употреба на сила. Силата треба да биде до степен колку е потребно да се задоволат војничките потреби.  Цивилите и лицата кои не учествуваат во непријателствата се заштитени од употреба на сила. Сè што е повеќе од тоа, претставува повреда на Меѓународното хуманитарно право.

„Со изгревањето на сонцето на 25 јуни 1859 година, се појави и најужасната глетка која не може ниту да се замисли. Бојното поле беше покриено со човечки тела и коњи расфрлани насекаде- по патот, во доловите, по полињата. Ранетите беа бледи и из-

немоштени, а потешко ранетите гледаа тапо и не можеа да сфатат што им се случува...Други беа немирни и возбудени од нервна напнатост и се тресеа во грчеви. Некои со поголеми рани беа речиси полудени од болка. Со лица искривени од борбата до смрт се молеа што побргу да се „ослободат“ од маките“.

Анри Динан,
Сеќавањата на Селферино

## *Основни правила на Меѓународното хуманитарно право (МХП)*

**1. Нападите мора да бидат ограничени на борци и на воени цели**

**1. Цивилите не смеат да се напаѓаат**

- Не смеат да се напаѓаат цивилни објекти (куќи, болници, места за молитва, културни или историски споменици)
- Забрането е користење цивили како жив штит на воени цели
- Забрането е борците да се преправаат како цивили
- Забрането е изгладнувањето цивили како метод на војување
- Забрането е да се напаѓаат објекти што се неопходни за опстанокот на цивилното население (прехранбени производи, земјоделски површини, водоводни мрежи итн.)
- Забрането е да се напаѓаат објекти кои содржат опасни сили: брани, насипи или нуклеарни енергетски постројки бидејќи тие можат да предизвикаат тешки загуби меѓу цивилното население.

**2. Забранети се напади или оружје што неселективно погодуваат цивилни, воени објекти, лица и кои предизвикуваат прекумерни повреди или страдања**

- Забрането е специфично оружје - хемиско и биолошко оружје, ласерско оружје кое трајно го оштетува видот, како и оружје кое го повредува телото со фрагменти што не може да се откријат со рендгенски снимки, противпешадиски мини итн.
- Забрането е да се нареди или да се заканува дека нема да има преживеани

**3. Цивилите, ранетите борци и воените заробеници треба да бидат поштедени, заштитени и третирани хумано**

- Никој не смее да биде изложен на физичко или ментално измачување, телесно казнување или сурово и понижувачко однесување
- Забрането е сексуално насилство
- Страните во конфликтот мора да ги бараат и да се грижат за непријателските ранети и болни, кои се под нивна власт
- Забрането е да се убива или ранува непријател што се

предава или кој е надвор од борба

- Воените заробеници имаат право на почит и мора да бидат третирани хумано
- Забрането е земање заложници
- Забрането е присилно раселување цивилно население, забрането е т.н. „етничко чистење“
- Лицата во рацете на непријателот имаат право на размена на вести со своите семејства и примање хуманитарна помош (храна, медицинска нега, психолошка помош)
- Ранливите групи, како што се бремени жени и мајки-доилки, деца без придружба, стари лица итн. мора да имаат посебна заштита
- МХП забранува регрутирање и учество во непријателства на деца помлади од 15 години
- Секој има право на правично судење (непристрасен суд, регуларна процедура итн.)

**4. Воениот и цивилниот медицински персонал, како и болници, клиники, амбуланти, мора да се почитуваат и заштитуваат. За извршување на нивните задачи мора да им се даде целата помош што е на располагање**

- Амблемите на црвениот крст и на црвената полумесечина ја симболизираат заштитата на медицинскиот персонал и на капацитетите. Забранети се напади на лица или објекти што го носат амблемот.
- Забрането е лажно користење на амблемот.
- Медицинските единици и транспортот не се користат за извршување дејствија штетни по непријателот.
- При лекувањето на ранетите и на болните, не смее да се дава приоритет, освен на медицинска основа.



*За децата треба посебна грижа и заштита*



**Задача**

Според правилата на Меѓународното хуманитарно право никој не смее да биде изложен на физичко или ментално измачување, телесно казнување, понижување. Посочи примери од историјата кога ова правило било прекршено?



# Меѓународно хуманитарно право и човекови права

### *Кој ги штити правата на луѓето во мир и во војна*

Во настојувањето да се намалат страдањата и штетите кои ги предизвикува војната, Меѓународното хуманитарно право ги штити и основните човекови права: правото на живот, забрана на ропство, забрана на измачување и нечовечко однесување. За разлика од некои човекои права како на пример слободата на говорот, движењето или здружувањето кои во одредени ситуации државата може да ги укине, со Меѓународното хуманитарно право тоа не смее никогаш да се случи. Иако се применуваат исклучиво за време на вооружен судир, *темелните правила и норми кои ги пропишува Меѓународното хуманитано право се во склад со основните човекови права.* Затоа Меѓународното хуманитарно право и Универзалната декларација за човекови права се надополнуваат. Тие се грижат за човечкиот живот и достоинство, иако го прават тоа во различни околности и на различни начини.

Со помош на вежбата, пронајди ги сличностите помеѓу правата на Универзалната декларација за човекови права и правилата на Меѓународното хуманитарно право.



**Објаснение на вежбата**

Прочитај ги човековите права од Универзалната декларација и основните правила од Меѓународното хуманитарно право, а потоа обиди се да ги пронајдеш заедничките права/ правила што треба да се почитуваат и за време на мир и за време на војна. Вежбата изработи ја во договор со твоите другари како домашна задача или на час.

### *Извадоци од Универзалната декларација за човекови права на Обединетите нации и од Меѓународното хуманитарно право*

- достоинство и еднакви права;
- живот и безбедност;
- слобода, без опасност од произволно апсење, притвор и слобода на движење и избор на место на живеење во рамките на границите на секоја држава;
- слобода од ропство или робување;
- слобода од измачување или сурово, нехумано или понижувачко третирање или казнување;
- слобода од мешање во неговата/ нејзината приватност, семејство и кореспонденција;
- брак и основање семејство;
- слобода на размислување, мислење, вера и на изразување;
- слобода на мирно собирање и здружување;
- погодни услови, одмор и рекреација;
- животен стандард адекватен на здравјето и на благосостојбата;
- образование;
- слободно учество во животот на заедницата;
- цивилите не смеат да се напаѓаат;



- нападите мора да бидат ограничени на борци и на воени цели;
- не смеат да се напаѓаат цивилни објекти (куќи, болници, места за молитва, културни или историски споменици итн.);
- забрането е користење цивили како жив штит на воени цели;
- забрането е борците да се преправаат како цивили;
- забрането е изгладнување цивили како метод на војување;
- забрането е да се напаѓаат објекти што се неопходни за опстанокот на цивилното население;
- забрането е да се нареди или да се заканува дека нема да има преживеани;
- никој не смее да биде изложен на физичко или ментално измачување, телесно казнување или сурово и понижувачко однесување;
- забрането е сексуално насилство;
- воените заробеници имаат право на почит и мора да бидат третирани хумано;
- забрането е земање заложници;
- секој има право на фер судење;
- Меѓународното хуманитарно право забранува регрутирање и учество во непријателствата на деца помлади од 15 години;
- при лекувањето на ранетите и на болните не смее да се дава приоритет, освен на медицинска основа.

# Прекршувања на меѓународното хуманитарно право



Меѓународното хуманитарно право се применува во два случаја, односно нуди два типа на заштита: едниот се применува во меѓународни вооружени судири, а другиот при вооружени судири, внатре во земјата. Во првиот случај се работи за вооружени судири во кои две или повеќе држави се борат употребувајќи оружје како на пример: колонијалните војни, војни против странска окупација, расистички злосторства и сл.

Во вакви ситуации освен потребата од правна заштита на човековите права, во голема мера се применуваат и правилата од Меѓународното хуманитарно право. Нешто помал број правила се применуваат и во внатрешни вооружени судири.

Правилата на Меѓународно хуманитарно право не се применуваат сè додека насилството не прерасне во вооружен судир. До тој момент кон сторителите на насилни дејствија се постапува согласно законите за човековите права и постоечките закони на државата во која е направено насилството.

Кој е должен да го почитува Меѓународното хуманитарно право?

Бидејќи потписници на Меѓународните договори се самите држави, истото важи и за Меѓународното хуманитарно право, односно за Женевските конвенции. Речиси сите држави во светот ги прифатиле овие договори, меѓу кои и Р. Македонија.

***Во кои случаи се прекршува Меѓународното хуманитарно право? Зошто прекршителите на меѓународното хуманитарно право треба да одговараат за своите прекршоци?***



*Аушвиц – нацистички концентрационен логор во Полска во кој умреле околу 2 милиони луѓе во текот на Втората светска војна*

Практиката на вооружените судири покажува дека помалку или повеќе сите правила од Меѓународното право се повредиваат. Причините за тоа се различни. На пример: одмазда поради повредите што ги направила спротивната страна, заплашување на цивилното население на спротивната страна и сето тоа се прави со цел да се ослабат противникот и воената сила. Но, досегашната историја покажува дека никогаш не се победувало со прекршувањето на правилата на Меѓународното хуманитарно право, ниту пак постојат докази дека некоја завојувана страна била поразена затоа што ги почитувала овие правила. Напротив, прекршувањата на правилата на Меѓународното хуманитарно право секогаш предизвикува повеќекратна штета и тоа токму на завојуваната страна која нив ги прекршува.

Прекршувањето на правилата од една страна по правило ја провоцираат и другата завојувана страна да применува недозволени методи и средства на војување и тогаш се случуваат безизлезни ситуации.

Една од причините за прекршување на правилата на Меѓународното хуманитарно право е и непознавањето на дозволените правила на војување. Тоа укажува дека треба да се смени пристапот кон обучувањето на вооружените сили но и соодветна едукација на пошироката јавност, особено на младите.

Одговорноста за прекршените правила на МХП секогаш им припаѓа на поединци- прекршители или на оние кои им нарեдиле да ги прекршат. Не постои колективна кривична одговорност, нема одговорност на државата. Меѓутоа секоја држава е должна да обезбеди почитување на сите свои меѓународни обврски меѓу кои е и Меѓународното хуманитарно право, а кога тие се кршат, извршителите треба да се изведат на суд.



**Задача**

Анализирај ги примерите, а потоа одговори на прашањата:

1. Кое правило на МХП е прекршено?
2. Која е причината за прекршувањето?
3. Кои реакции може да ги предизвика прекршителот на правилото?
4. Дали прекршувањето на едно правило предизвикува прекршување и на друго?

Примери

1. Ако дознаам дека другите ги убиваат моите луѓе откако ќе ги заробат, сите тие што јас ќе ги заробам ќе платат за тоа.

*- командант*

2. Има многу ситуации во кои војниците биле облечени во цивилна облека наместо во униформа. Како можете да знаете кој е, навистина, цивил? Поради тоа, ако нападнете град, мора да убиете сè што се движи!

*- војник*

3. Цивилите што готват и им носат храна на војниците, исто така, учествуваат во борбата. Без таа храна војниците не би имале сила да се борат со нас. Значи, сите тие се војници, со или без униформа, и моите војници имаат право да ги убијат.

*- командант*

4. Војската не треба да ги користи цивилите како жив штит. Меѓутоа, во оваа војна тоа беше чест случај. На пример, ќе ставеа митралез на покривот на црква или на зграда во која живеат цивили. Никој не го почитуваше тоа што треба да се почитува. Стрелавме од тие згради затоа што бевме во опасност.

*- поранешен заробеник*

Потпаролот на Меѓународниот комитет на Црвениот крст за една новинарска куќа изјави: „За прв пат во досегашната историја, сите земји во светот ја потпишаа Женевската конвенција со која се регулираат правилата на војување…Тоа е класичен придонес кон заштитата на човековото достоинство и зачувувањето на хуманоста во војната... “.

# Воено злосторство

Прочитај го текстот, а потоа со помош на извадоците од Статутот на Меѓународниот кривичен суд, обиди се да определиш кои правила на МХП се прекршени и какви воени злосторства се направени.

„Триесетгодишната војна остави големи последици врз Виетнам што се чувствуваат и денес, од бројни мртви, ранети, исчезнати, раселени лица, па сè до влијанијата на околината. Во текот на војната, американската војска го користеше Виетнам како полигон за испробување на најнови видови на оружје, вклучувајќи разни видови на бојни отрови и хемикалии, од кои најпознат е „Агент Оранге“ хемикалија која била посипувана врз виетнамските џунгли, од која отпаѓале и листовите од дрвјата... Виетнамската војна е позната и по селото Маи Лаи, во кое група американски војници извршија масакр врз цивилното население. Поради тоа нивниот командант е осуден за воен злосторник, како и сите војници кои учествувале во масакрот. Судењето го спровело американското правосудство“.

***Извадок од Статутот на Меѓународниот кривичен суд - член 8***



На списокот се наведени сериозни прекршувања на МХП, кои претставуваат воени злосторства и се извршени против заштитени лица: ранети или болни борци, воени заробеници, цивили итн.

- намерно убивање;
- тортура и нехуман третман;
- намерно предизвикување прекумерни страдања;
- намерно упатени напади против цивили или цивилни објекти или против персонал, инсталации, материјал, единици или возила вклучени во хуманитарна помош;
- депортирање, присилни трансфери или раселување цивили;
- употреба на забранетото оружје, проектили, како и материјали и методи на војување, кои се од таква природа што предизвикуваат прекумерни страдања или кои се по природа неселективни;
- метод на војување што ги лишува цивилите од предмети неопходни за нивно опстанување;
- ограбување град или места;
- земање заложници;
- силување, сексуално ропство, присилна проституција или друг облик на сексуално насилство;
- убивање или ранување борец, кој откако го положил оружјето или откако немал средства за одбрана, се предал по сопствен избор;
- запишување или регрутирање во вооружени сили деца под 15-годишна возраст или нивно користење во непријателства;
- користење присуство на цивили или други заштитени лица со цел одредени точки, области или воени сили да се здобијат со имунитет од воени операции;
- донесување пресуди и погубување без претходна пресуда изречена од регуларно конституиран суд, кој ги дозволува сите судски гаранции, кои, обично, се сметаат како неопходни.



**Провери го своето знаење**

1. Кој човек се нарекува воен злосторник?
2. Кои се најчестите жртви на сторителите на воено злосторство?
3. Дали ограбувањето населени места е воено злосторство?
4. Кој им суди на воените злосторници?

# Санкционирање на прекршувањата на МХП

Сите оние кои ќе го повредат Меѓународното хуманитарно право за време на вооружен судир треба кривично да одговараат. Женевските конвенции ги обврзуваат државите членки ваквите постапки да ги предвидат како кривични дела во своите (националните) кривични  закони. Меѓутоа, државите често пати немаат политичка волја да им судат на прекршителите  на ова право.

По Првата светска војна направен е напор да се осудат воените злосторници, но ваквиот обид пропаднал.

По Втората светска војна, со лондонската спогодба, од страна на победниците во војната формиран е Меѓународен воен суд. Судот заседавал во Нинберг и Токио и водел процес против воените злосторници кои направиле злосторства против мирот.



*„Палата на мирот“ во рамките на Меѓународниот суд на правда*



Sonderausgabe

Süddeutsche Zeitung

Das Urteil in Nürnberg

12 Todesurteile

Schacht, Papen und Fritzsche freigesprochen

*Пресудата на Нирнбешкиот процес објавена во весник*

Нирнбешкиот процес се водел против 12 воени злосторници и на повеќето од нив им е изречена смртна казна.

Во 1993 година со две резолуции на Советот за безбедност на Обеднитетите нации, формиран е  Меѓународен кривичен суд за поранешна Југославија познат како Хашки трибунал. Надлежноста на трубуналот е да суди за воени злосторства извршени на територијата на поранешна Југославија од 1991 година до завршувањето на воените судири.

Од неодамна меѓународната заедница основаше постојан Меѓународен кривичен  суд  во чија надлежност се судењата на воените злосторници, злосторства против човештвото, геноцидот и агресијата, независно каде се извршени тие. Судот е формиран со меѓународен договор и има надлежност во повеќе од 130  земји кои го потпишале и ратификувале договорот. За жал, неколку големи светски сили не ја признаваат надлежноста на овој меѓународен суд.



*Судски процес на Трибуналот*

„Лондонски Тајмс пред повеќе месеци објави репортажа за затворот Шевенинген во близина на холандскиот храд Хаг, опишувајќи го како *дом на најголемата концентрација на злото*. Во моментот во затворот престојуваат околу 46 лица обвинети или веќе осудени по различни основи од Трибуналот во Хаг. Според некои анализи, за 13 години Трибуналот изрекол повеќе од 810 години затвор за воени злосторници, а околу 16 осуденици досега ги издржале затворските казни и се пуштени на слобода“. (текст објавен во Утрински весник)

| **Должности на:** | **За време на мир** | **За време на конфликт** | **По вооружен конфликт** |
|---|---|---|---|
| **Војската** | Едукација на војниците за МХП | Јасни наредби во согласност со МХП и набљудување на почитување на наредбите | |
| **Власта** | Едукација на пошироката популација за МХП | Обезбедување на основните потреби | Компензација на жртвите |
| **Судски тела** | | Санкционирање на прекршувањата | Правично судење |



*Затворска келија - Шевенинген*

За санкционирање на воените злосторства одговорни се државите-потписнички на Женевските конвенции. За да ја извршат оваа функција, државите треба да преземат активности за заштита на Меѓународното хуманитарно право *во мир, за време на конфликт и по конфликтот*. За какви активности станува збор и кој е носителот на тие активности можеш да уочиш од следната табела.

Од табелата се забележува дека за **време на мир** секоја држава треба да им овозможи на граѓаните едукација од обласга на Меѓународното хуманитарно право, особено на борците и нивните водачи, додека судовите треба да изрекуваат санкции против сите оние кои ќе направат сериозни прекршувања на МХП.

**За време на вооружен конфликт** војската мора да добива јасни наредби од своите командири и да се следи дали таквите наредби се почитуваат. Воените и цивилните лидери мора да ги спречат прекршувањата на правилата на МХП.

**По вооружениот конфликт** државата мора да организира правично судење кое може да биде на државно или меѓународно ниво, а на жртвите да им обезбеди компензација.

**Провери го своето знаење**

1. Зошто е важно да им се суди на сторителите на воени злосторства?
2. На кои начини може да се санкционираат прекршителите на МХП?
3. Наброј неколку институции за санкционирање на прекршителите?
4. Дали според твоето мислење секој прекршок треба да се казни? Образложи?

**Вежба**

**Заборавање или барање правда?**

Сиера Леоне е држава во Западна Африка , на брегот на Атлантскиот океан. Во 1991 година започнал вооружен судир на Владата со герилското движење потпомогнато од либерискиот претседател Чарлс Тејлор. Причина за судирот е неправедната распределба на приходите добиени од продажбата на дијаманти кои ги има во изобилие



*Зграда на Хашкиот трибунал*

во Сиера Леоне. Граѓаните ја паметат војната по својата бруталност, мачење и убивање цивилно население. Поради тоа герилскиот водач е обвинет за воен злосторник.



Анализирај ги изјавите на четворицата жители на Сиера Леоне дадени во примерите и објасни каква неправда им е нанесена. Дали на ист начин ги доживуваат повредите? Што е според тебе подобро: лицето/групата на кое му е нанесена повреда треба да заборави сè што се случилило или треба да бара правда?

**Ставови на жители на Сиера Леоне**

1. „Што би сторил ако ги сретнам на улица моите мачители? Само би им кажал дека еден ден Господ ќе избере меѓу нивните семејства и моето. Ако не простуваме, многу луѓе би останале без раце“.

*- човек на кого му ги исекле рацете затоа што го прикрил бегатството на своите ќерки*

2. „Јас сум човек од принципи и сметам дека злосторството треба да се казни. Но, кој кому да му суди: Никој, всушност, нема контрола. Ако владите речат“ Ќе те изведеме пред суд, бунтовниците ќе почнат одново да се борат“.

*- свештеник*

3. „Амнестијата е целосно неприфатлива. Ужасно ми е. Но, потоа ги гледам децата што ги храниме и се грижиме за нив и ми поминува Луѓето на Сиера Леоне знаат што сакаат - мир, сега и овде, повеќе отколку правдата. Амнестијата е скандал на некој начин, но од друга страна мудро решение“.

*- Работник во хуманитарна организација*

4. Нема да има помирување без да се знае вистината и правдата. Ние мораме да знаеме каде се телата на оние што исчезнаа .

*- новинар, политички затвореник*

## Хуманитарна акција

***Хуманитарната акција е организирана помош, која има за цел ублажување на страдањата на луѓето како последица на вооружен конфликт или природна катастрофа (земјотрес, епидемија, суша, поплава, вулкан).*** Кој е задолжен за тоа? Секоја хуманитарна организација или движење кое се занимава со решавање на хуманитарни проблеми. Тие треба да бидат непристрасни во спроведувањето на *хуманитарната*

*акција* и не треба да застапуваат ниедна од страните во вооружениот конфликт. Не смеат да се изјаснуваат за тоа која од завојуваните страни е во право. Тие треба да им даваат помош на сите загрозени (без дискриминација) независно од нивната раса, националност, вера, пол, општествена положба.

Најповикана и најмасовна организација која се грижи за хуманоста и хуманитарното дејствување е Меѓународното движење на Црвениот крст. Го сочинуваат: Меѓународниот комитет на Црвениот крст, Меѓународната Федерација на Црвениот крст и Црвената полумесечина и националните друштва на Црвениот крст и Црвената полумесечина.

Меѓународниот комитет на Црвениот крст е основачко тело на ова меѓународно движење. Негова задача е во време на вооружени судири и немири да делува како неутрален посредник меѓу завојуваните страни. Врз основа на Женевските конвенции и со согласност на државите кои се во вооружен конфликт, нуди заштита и помош на жртвите во меѓународните, граѓанските војни, внатрешни немири и организира болници на отворено и сл. Заштитниот знак на оваа хуманитарна организација е **црвен крст на бело поле.** Нејзината мисија е: да го спречи и ублажи човековото страдање каде и да е; да го заштити животот и здравјето; да обезбеди почит и достоинство на човекот, особено за време на вооружени конфликти, несреќи и катастрофи; да работи на превенција на болестите и унапредување на здравствената и социјална добросостојба на луѓето; да поттикнува доброволно



*Седиштето на Меѓународниот комитет на Црвениот крст во Женева*

ангажирање и постојана подготвеност за давање помош како и универзално чувство на солидарност и хуманост.

Меѓународната Федерација на Црвениот крст и Црвената полумесечина е формирана од повеќе Национални друштва. Нејзина задача е да го помага развојот на хуманитарните активности на националните организации. Таа ги координира нивните хуманитарните акции за помош на настраданите во вооружен судир, природни катастрофи и се грижи за бегалците вон вооружениот судир. Има задача да ги образува луѓето за хуманитарното движење (едукација и дисиминација).

Суштината на Меѓународното движење на Црвениот крст ја сочинуваат седум основни начела (принципи) . Државите се обврзни во секое време нив да ги почитуваат.



- Хуманост- давање на помош на ранетите во вооружените судири без

дискриминација, со цел заштита на животот, здравјето и почитување на достоинството на секоја личност,



- Непристрасност- ублажување на страдањата на лицата според нивните потреби независно на која класа или раса припаѓаат тие;



- Неутралност- зачување на довербата; движењето не штити ниедна од страните во конфликтот на верска, класна, расна или политичка основа;



- Независност - секое национално движењето на Црвениот крст самостојно ги планира и организира своите хуманитарните активности;



- Доброволност- хуманитарните активности се базираат на волонтерската работа, а не на постигање лична корист.



- Единство- во една меѓународно признаена држава може да постои само едно национално здружение на Црвениот крст кое е достапно на сите; хуманитарната акција треба да ја спроведува низ територијата на цела држава;



- Универзалност- Црвениот крст е светско движење; неговите националните организации имаат еднаква положба, соработуваат и имаат еднакви права.



*Хуманитарна акција на Црвениот крст на Македонија (извадок од Утрински весник)*

**Научи повеќе**

Фармацевтската куќа - Зегин, Црвениот крст на Македонија, и македонската Влада донираа лекови и преврски во вредност од 500 илјади евра за настраданите од апокалиптичниот удар на бранот цунами во земјите на јужна Азија....Црвениот крст на Македонија од Меѓународната федерација на Црвен крст и Црвената полумесечина со седиште во Женева и Регионалната федерација со седиште во Будимпешта ги доби упатствата за работа и организирање хуманитарна помош за настраданите од земјотресот во Југоисточна Азија. Македонскиот црвен крст од својот буџет издвои 10.000 евра како првична помош....Мора да истакнеме и неколку фирми, кои се одзваа на апелот и ја покажаа својата хуманист. Лекови и преврски донираа и Лек-Скопје, Реплек, Алкалоид. Производителот на минерална вода Мак-минерал од Битола донираше два тона Пела роса....Црвениот крст веќе ја има ставено на располагање пречистителната станица за вода и само се чека на одговор од Будимпешта дали да се испрати обучениот тим и единицата за итни интервенции.

## Лекари без граница

Лого на организацијата



**Лекари без граници** се меѓународна, хуманитарна невладина организација која дава медицинска помош на жртвите во вооружени судири, епидемии и природни или вештачки предизвикани катастрофи. Освен тоа, тие нудат помош на сите оние на кои им е оневозможена или тешко достапна медицинската помош од различни причини. Организацијата ја основале група француски лекари во 1971 година, со седиште во Женева. Секоја година околу 3000 лекари, сестри и друг медицински персонал заминуваат на различни задачи ширум светот. Делуваат во повеќе од 70 земји во светот ( даваат примарна здравствена заштита, го вакцинираат населението, оспособуваат болници и амбуланти, спроведуваат разни санитарни програми, го обучуваат локалното население и сл.). Добиле Нобелова награда за мир.





# МЕДИУМИ



**Што се очекува да знаеш и умееш за оваа тема:**

- да ги објасниш карактеристиките на масовните медиуми
- да ги препознаваш различните видови на масовните медиуми
- да ја сфатиш улогата на масовните медиуми во современото општество
- да ги препознаваш изворите на информации и да го оценуваш нивниот квалитет
- да ги разбереш последиците од неточното информирање.

**Поими кои ќе ги проучуваш**

Масовни медиуми, електронски медиуми, печатени медиуми, информација, комуникација, демант.

# Информирањето во современото општество




### *Мас медиуми како извор на информации*

Како што се усложнува животот во современото општество, така расте потребата од што поголем број информации со кои можеме да ги објасниме појавите и настаните кои влијаат врз нашите животи. Оние информации што не можеме да ги добиеме непосредно, со помош на нашите сетила, најчесто ги добиваме преку мас- медиумите: радиото, телевизијата, музичките и видео записи, филмот, печатените медиуми, интернетот и комјутерскиот софтвер.

Мас-медиуми е сложен поим кој означува јавно информирање. Мас-медиумите служат за ширење вести и аудио-визуелни содржини меѓу населението со цел тие да се информираат, образуваат и забавуваат. Истовремено тие пренесуваат пораки со помош на глас, слика или текст.

Медиумите најчесто имаат информативен и забавен карактер. Можат да се поделат во две групи: комерцијални и сериозни медиуми. Комерцијалните медиуми обично им даваат предност на рекламите и за нив е најважен профитот (заработувачката). На сериозните медиуми не им е најважен профитот. Овој тип на медиуми во своите програми најчесто нудат корисни, воспитни и образовни емисии. Кај децата поттикнуваат учење, развиваат талент, го истакнуваат доброто однесување, ги нагласуваат позитивните вредности: одговорност, почит, толеранција и за нив велиме дека доследно си ја вршат својата задача.

Во масмедиуми спаѓаат весниците, теле-

визиските и радио програми, програмите на новинските агенции, електронски публикации, телетекстот и останатите облици на дневни или периодични програмски содржини подготвени од новинари- уредници, а кои се пренесуваат со помош на запис, глас, слика или звук.

Мас - медиумите се разликуваат според начин на кој ги пренесуваат информациите.

***Печатените медиуми*** информациите ги пренесуваат на хартија, тие се во испечатена форма. Овие медиуми се наречени и класични и во нив спаѓаат различните видови на весници, списанија, каталози, проспекти, флаери, карти, дијаграми, па дури и разгледниците, календарите и постерите. Како се усовршува печатарската технологија, така сѐ повеќе се усовршуваат и печатените медиуми.



***Весниците*** се најстар медиум. Во Европа прв пат се појавиле во 1605 година и неколку века претставувале единствен медиум преку кој луѓето дознавале за различни вести и настани.




Луѓето не се сомневале во вистинитоста на информациите. Тие претпоставувале дека штом е нешто објавено во весник, навистина и се случило. Денес весниците содржат различни вести од општествениот, политичкиот, културниот и спортскиот живот. Известуваат за дневни настани, објавуваат животни приказни, романи и стрипови во продолженија, објавуваат огласи, реклами и тн. Бидејќи најчесто се печатат секој ден, уште се наречени дневни весници, но тие можат да се издаваат еднаш неделно или еднаш месечно.




**Научи повеќе**

Акта диурна или Акта публика бил прв државен весник кој го основал Гај Јулиј Цезар во 59 година пред нашата ера. Во весникот се запишувале сите важни дневни настани (наредби, сенатски одлуки, раѓања, венчавки, умирања, спортски натпревари, борби во арена и сл.). Вестите се испишувале (врежувале) на камен или метал. Овој вид на весник престанал да постои кога престолнината на римското царство се преместила во Константинопол.

***Радиото*** спаѓа во електронски медиуми. Се смета за единствен медиум кој од појавувањето до денес не изгу-

бил од своето значење, ами напротив, станува сè подоминантен. Приказната за радиото е долга, но она што треба да се каже е дека тоа е пронајдок за кој е добиена Нобелова награда. Како уред кој овозможува безжичен пренос на звучен сигнал на далечина, радиото наоѓало голема примена. Во текот на Втората светска војна било основно средство за пропаганда и антипропаганда на земјите вклучени во војната. Голем број ослободителни движења успеале благодарение на радио врски. Агресорите радиото го злоупотребувале, војниците го обожавале, трговците на него заработувале, а политичарите го искористувале. Тоа секогаш привлекувало голем број слушатели без разлика на која генерација и припаѓаат.

Денес радиото е најдостапен, подвижен и најексплоатиран медиум. Насекаде е со нас: во автомобил, на работа, дома, во кафуле, на тениско игралиште, на аеродром, во забна ординација. Преку радиото дознаваме за сè она што се случува на музичката сцена, но и за настаните на денот, за снижувањето на цените во продавниците, мислења и ставови на познати личности за актуелни теми, реклами и сл.

***Телевизијата*** е медиум на кој вестите, информациите кои ги емитува се пропратени со слика. Потекнува од грчките зборови „*теле*" и „*висио*" кои значат гледање на далеку. Се смета дека со појавата на телевизијата светот влезе во нова фаза која трае и денас. Ако пред само половина век телевизијата емитуваше програми само по неколку часа во текот на денот, денес тоа го прави 24 часа. Телевизијата стана најмоќен медиум кој влијае врз нашите животи, особено врз животот на младите. Таа е средиште во домот, центар на семејниот живот. Програмата која ја емитува поедина ТВ станица најчесто е информативна, забавна



или културно-образовна. Но, со развојот на сателитската, кабловската и дигиталната технологија се создадоа посебни ТВ куќи и мрежи кои се определија да емитуваат само еден вид телевизиски програми. Такви се CNN кој емитува исклучиво информативна програма, Eurosport– кој емитува само спорт, Discovery Channel кој емитува само образовна програма и сл. Тоа е така затоа што и тие знаат дека најголем број од луѓето го поминуваат слободното време пред телевизиските екрани. А тоа не само што е штетно, туку го слабее чувството на заедништво и блискост во семејствата. Телевизијата беше и остана најконтраверзен медиум. За неа се вели дека е прозорец кон светот, но и извор на дезинформации.

***Интернет.*** Повеќе од сигурно е дека современото општество е зависно од компјутерите и дека животот во оваа информатичка ера не може да се замисли без нив. Овие машинчиња стари помалку од еден век успеаја да завладеат со нашите животи, особено интернетот. Тој стана најсакано домашно милениче. Ни овозможи нов тип на комуникација, брз пристап до информации, ни го забрза процесот на едукација, ни овозможи полесно да го изразиме своето мислење. Тој ни го промени животот.



**Истражувачка активност**

1. Собери неколку вида на печатени медиуми, спореди ја нивната внатрешна структура и запиши ги разликите. При тоа насочи се на следните прашања:

Какви рубрики имаат, По кој редослед се подредени рубриките, За која читателска публика се наменети, кои теми се обработуваат во рубриките.

# Мас - медиумите во современото општество

Средствата за масовно информирање имаат повеќекратно дејство. Известуваат за различни настани што се случуваат во средината во која живееме и во светот. Влијаат врз формирањето на нашите ставови и мислења за различни појави во општеството, го насочуваат нашето однесување.Тие ни помагаат при изборот на некоја книга и писател, избор на филм и начинот на облекување. Ни овозможуваат да ги сфатиме проблемите на заедничкото живеење, но, и нѐ подготвуваат за прифаќање на општествените вредности.

Работата на власта во современите општества е јавна, транспарентна, бидејќи граѓаните имаат право да бидат информирани за настаните што се случуваат во нивната држава и во светот. Поради големината и сложеноста на современите демократски општества, комуникацијата на власта со граѓаните е отежната. За да обезбеди јавност и транспарентност во работењето, таа сѐ почесто ги користи масовните медиуми, бидејќи тие се достапни за најголем дел од граѓаните.

Но, медиумите користат различни пристапи во информирањето. Ги пренесуваат информациите на различен начин, а од тоа зависи нивото на информираност кај граѓаните. Неинформираните граѓани или граѓани кои располагаат со погрешни информации нема да можат активно да учествуваат во животот на заедница на која припаѓаат, не ќе можат да влијаат на промените и нема да можат како граѓани да ја контролираат работата




на власта. Секоја информација треба критички да ја проценуваат. Тие треба да знаат какви сѐ проблеми можат да настанат како последица од неточното информирање, особено за време на кризи, конфликти, поголеми промени во општеството. Постојат докази дека во вакви ситуации поголеми се можностите за манипулирање и извртување на информациите.

Медиумите имаат големо влијание врз демократските процеси. Затоа е многу важно граѓаните да знаат за медиумите и медиумската култура.

## *Влијанието на медиумите врз изборите*

Воспоставувањето на власта по пат на демократски избори е суштинска карактеристика на демократските општества, а и на нашето. На изборите граѓаните се определуваат за некоја од политичките партии. Врз политичкото определување влијаат повеќе фактори: личниот интерес, личното искуство, припадноста на некоја класа или општествен слој, семејството, пријателите. Но, значајно влијание имаат и мас- медиумите. Така на пример, телевизијата им овозможува на гласачите да ја следат кампањата на политичките партии и нивните кандидати. Некои ТВ станици ги емитуваат повеќе кампањите на едни политички партии за сметка на други и на тој начин се обидуваат да влијаат врз одлуката на бирачите. Во последно време политичките партии сѐ повеќе го користат и интернетот како медијум за пренесување на политичките пораки до гласачите. Тие креираат посебни веб- сајтови преку кои гласачите можат да добијат информации за нивните изборни програми, за предложените кандидати на изборите и сл. Организираат форуми за дискусија преку кои се обидуваат да стекнат што повеќе симпатизери и гласачи за својата политичка партија. Ова се практикува особено во земјите со висока информатичка писменост и во земји каде интернетот е широкодостапен за граѓаните, како на пример Данска.

Голем број научни истражувања потврдуваат дека телевизијата нема големо влијание при определувањето на граѓанинот за кого ќе гласа. Според нив телевизијата влијае врз одлуката на граѓанинот, само доколку кандидатот за претставник во власта, кој се појавува на екранот, претставува привлечна личност. Тој може донекаде, со својот изглед и со својот настап донекаде да ги придобие гласачите. Но, сепак, суштинско влијание, при гласањето за избор на претставници во власта, има економско -социјалната положба на оној што гласа. Како илустрација на ова сфаќање ќе го наведеме примерот - избор на претседател на САД.




*И билбордите влијаат врз одлуката на граѓаните за кого да гласаат.*

Во 1980 година за претседателската функција се бореле Џими Картер (за втор мандат) и Реган - претставник на Републиканската партија. На крајот од телевизискиот дуел Реган им се обратил на избирачите: „Кога во вторник ќе излезете да гласате, скриени зад параванот, пред да го фрлите ливчето во гласачката кутија запрашајте се: Дали денеска ви е подобро отколку пред четири години”. Изборите ги добил Реган.

Медиумите влијаат врз власта таа да ги исправа своите „грешки”. Томас Арскин, Лорд (1750-1823), бил претседател на Горниот Дом на британскиот парламент. Во својот говор *„За слободата на печатот”* рекол: **„**Владата, според свои сопствени оценки сметаше дека секогаш е совршена. Но, слободниот печат ги истражуваше и ги откриваше нејзините грешки, а народот од време- навреме ги исправаше. Само таа слобода на печатот ја направи нашата влада таква, каква што е сега и само таа слобода може да ја дочува“.



# Карактеристики на масовните медиуми во современото општество

Политиката претставува општествена и управувачка дејност со која се уредуваат односите помеѓу луѓето во општеството. Во демократските општества уредувањето на односите помеѓу луѓето им е препуштено на избраните претставници во власта. Од нив зависи како ќе се организира заедничкиот живот и работа, соработката меѓу граѓаните и сл. При уредувањето на односите, власта треба да ги има предвид заедничките интереси и волјата на граѓаните. Бидејќи власта, често пати настојува личните интереси да ги прикаже како заеднички, задача на медиумите е ваквите намери да ги демаскира. Масовните медиуми ја остваруваат својата демократска задача доколку ги мобилизираат граѓаните да влијаат врз власта и политиката. **Затоа *медиумите треба да бидат слободни, независни и одговорни.***



## *Слобода на медиумите*

Во општеството секојдневно се случуваат настани за кои граѓаните треба да бидат информирани. Во демократските општества какво што е и Р.Македонија постои слобода на информирање која произлегува од правото на граѓаните слободно да мислат и слободно да го изразуваат своето мислење. Информациите ги добиваат од новинарите преку печатените и електронските медиуми. За да известуваат, на новинарите треба да им бидат достапни изворите на информации. Извори можат да бидат учесниците во настанот, но и органите на власта, како што се министерствата. Бидејќи оние кои се на власт сакаат и наредните избори да ги добијат, настојуваат од настанот да ги истакнат оние делови кои се позитивни за нив, а да ги прикријат негативните. Затоа слободните новинари не се задоволуваат со она што е јавно кажано, туку настојуваат настанот целосно да го истражат.

Хелен Дарбисир, претставник на невладината организација „Аксес инфо " со седиште во Мадрид, смета дека земјите од Европа имаат различен став во однос на објавувањето на тајни документи кои се од општ интерес. Тој вели: „Романија има интернет-страни на коишто јавно може да се видат имотните листови на носителите на јавни функции. Веднаш може да се пресмета дали тој се збогатил за време на функцијата. На пример, во Франција и Шпанија се објавуваат вакви информации. Во Шпанија се

чуваат во тајност. Човек не може да дознае што поседува еден функционер и дали новиот автомобил или куќа може да си ги купи од платата.”



Во еден текст за германското радио „Дојче Веле” беше објавена вест дека „во Франција се негува „култура на тајни” наместо слобода на печатот. Дека новинарите и политичарите се тесно поврзани, учат во исти елитни училишта и живеат во исти населби. Франција е единствена земја во која индустриските моќници ги поседуваат највлијателните медиуми и директно влијаат врз пласирањето на информациите. Новинарите се соочуваат со големи тешкотии кога треба да објават информации за фармацевската индустрија, градежништвото и осигурителниот сектор. Тоа не оди во прилог на слободата на печатот”.

## *Независност на медиумите*

За да им служат на народот и на вистината, медиумите треба да бидат независни. Меѓутоа, во општеството постојат различни центри на моќ, како што се: владата, политичките партии, големите претпријатија-корпорации кои за да ги остварат своите интереси настојуваат да ги контролираат медиумите. Во еден свој текст новинарката Билјана Секуловска напиша: „Во меѓувреме, новинарите добиваат разни функции. Моите колеги еден по еден си одат. Половина од нас станаа портпароли на политичарите. Ја бранат политиката која до вчера како новинари ја напаѓаа. Нè регрутираат и нè мобилизираат додека сме пред компјутер, додека пишуваме текстови. Само така политичарите може да не спречат да ги критикуваме”

## *Одговорност на медиумите*

Еден угледен полски новинар кој бил прогонуван во комунистичкиот режим (не постоела слобода на печатот), укажува на проблемите кои со себе ги носи слободното новинарство. Запрашан дали после долгогодишното прогонување и понатаму ќе се соочува со проблеми и дали може слободно да пишува, тој одговорил: „Да, можам слободно да пишувам, но одговорноста е поголема. Сега од нас новинарите се очекува да утврдиме дали тоа што го пишуваме е точно”.

Во ноември 2002 година во градот Кадуна во Нигерија се организирала манифестацијата- Избор на МИС на светот. Во еден од весниците бил објавен



напис во кој се велело дека и пророкот Мухамед кога би бил на манифестацијата, веројатно би избрал за жена една од учесничките на изборот. Во Нигерија покрај христијанско живее и муслиманско население. Илјадници муслимани кои сметале дека натпреварувањето е во спротивност со исламската вера, дивееле низ предградијата на градот, подигале барикади од изгорени гуми и подметнувале пожари. Притоа животот го изгубиле најмалку 100 лица. Бидејќи врз основа на објавените информации луѓето донесуваат одлуки и преземаат акции, новинарите треба да бидат свесни за последиците од она што ќе го напишат или изговорат.

Довербата во медиумите опаѓа кога новинарите објавуваа неточни информации кои можат да бидат причина за многу скандали. Неодамна медиумите во Франција објавија вест за смрт на позната телевизиска водителка преземена од интернет - страница без да се провери точноста на информацијата.



**Задача**

Следи ги имформациите кои ги објавуваат неколку печатени и електронски медиуми во Македонија во тек на една недела. Спореди ги содржините на информациите, нивниот распоред, јазикот и стилот со кој се напишани. Забележи на кој начин различните медиуми објавуваат една иста вест. Дали постојат разлики во информирањето. Потоа оцени ја објективноста и точноста на нивните информации.

# Медиумска култура

Една од главните карактеристики на современите демократски општества е можноста граѓаните да доаѓаат до разновидни информации. Разновидноста на информациите се постигнува со постоењето на голем број на извори на информации (голем број на телевизиски и радио станици, дневни весници и периодични изданија), за кои веќе стана збор. Но, постоењето на поголем број на информативни средства не значи и поголема разновидност во информирањето, особено ако се знае дека во современото општество еден човек може да поседува повеќе медиуми. Кога еден човек *контролира* повеќе медиуми, тогаш еден настан ќе го прикаже на повеќе телевизиски куќи. Оваа појава го збунува гледачот и може да го наведе на погрешен заклучок: ако настанот го видов на повеќе телевизии тогаш тој е присутен, што значи и точен. Исто така, еден медиум може да информира дека населението незаконски поседува оружје и го користи на разни прослави. Но ако „заборави" да наведе дека оружјето се користи и за меѓусебни пресметки на криминални банди и политички убиства, тогаш велиме дека медиумот *еднострано информира*. Типичен пример за еднострано информирање претставуваат рекламите каде што производителите или трговците ги истакнуваат само добрите страни на производот.

Понекогаш медиумите пренесуваат информации кои *предизвикаат став* кај граѓаните. На пример, кога власта сака да ги убеди граѓаните дека треба да издвои повеќе пари од државната благајна за вооружување, таа тоа

го прави преку медиумите пренагласувајќи ја опасноста од непријателот и последиците кои би настанале ако државата  не е доволно наоружана. Тоа се случи и во Соединетите американски држави. По настаните од 11 септември во Њујорк тие значително ги зголемија средствата наменети за потребите на одбраната.

Сите овие примери покажуваат дека медиумите понекогаш користат техники за објавување на информации кои можат да ги збунат граѓаните и тие погрешно да ги протолкуваат настаните. Затоа граѓаните треба да знаат повеќе за медиумите и новинарската работа. Така ќе умеат да го проценуваат и квалитетот на информациите.




Мас-медиумите служат за јавно информирање.Тие се средства со чија помош се пренесуваат информациите до граѓаните. При процесот на информирање всушност се остварува одреден вид на комуникација помеѓу оние кои ги пренесуваат и оние кои ги примаат информациите. За да може денес успешно да се остварува медиумската комуникација, потребна е медиумска култура на сите вклучени во комуникацијата. Тоа значи добро оспособени новинари кои можат да одговорат на барањата на својата професија, но и едуцирани граѓани кои знаат како да ги користат информациите кои ги добиваат од медиумите.

Заради сложеноста, медиумите во современото општество имаат потреба од сестрано образовани кадри, оспособени за ракување со новата информатичка технологија, знаења од естетика, комуникациски вештини, познавање странски јазици, литература, историја, бизнис, економија, и сл. Само новинари и уредници кои располагаат со знаења од повеќе научи области ќе бидат во состојба да подготват квалитетни информации.

Распоредот на информациите има важна улога во медиумската комуникација. Но, често пати се случува некои телевизии или весници да објават некоја вест, а потоа да ја демантираат. Вообичаено, значајната вест ја објавуваат во најгледаниот телевизискиот дневник, или на првата страна од весникот,  а ја демантираат во еден од наредните дневници или на последната страница од весникот. Но, ако, пак, се анализира содржината на информацијата ќе се види дека таа не е сосема неточна. Еден дел од информацијата е точен, а другиот дел е измислен. Ваквиот распоред на информациите ги  збунува гледачите, читателите и слушателите. Цел на овој начин на информирање се лицата од јавниот живот кои се доведени во состојба да се бранат преку демант. Оние информативни медиуми кои се служат со оваа техника сметаат дека првото соопш-

тување има предност, пред подоцна изнесениот демант. Тоа се објаснува на тој начин што граѓаните кои ја прифатиле веста стануваат отпорни на аргументите изразени подоцна. Подоцна изнесените докази (демантот) тие не ги земаат предвид бидејќи веќе го формирале своето мислење, а прифаќањето на нови аргументи од нив бара да го променат мислењето.

Во медиумската култура особено значење има јазикот и стилот на кои се подготвени информацииите. Тие треба да бидат соодветни на видот на информацијата.

**Прашања за размислување**




- Објасни какво е влијанието на мас- медиумите за време на изборите во демократските општества?
- Кои техники ги употребуваат мас- медиумите за да ја заведат јавноста?
- Посочи примери во кои е загрозена слободата на информирањето во нашето општество?

# ПОИМИ И ПОМАЛКУ ПОЗНАТИ ЗБОРОВИ

- правно-политички поредок/систем – начин на организирање на власта во државата (организации, институции, политичка култура) и слично
- собрание (парламент) – постои во сите уставни демократии, највисоко претставничко тело, собрание највисок орган на власта што по правило се избира на општонародни избори
- власт – право на управување, поседување на политичка, правна и економска моќ во државата
- влада – сите органи во државата кои ја поседуваат власта, извршно-управен орган
- премиер – прв министер, претседател на владата
- суверенитет/сувереност – државна независност, самостојност на државата сама да ги уредува внатрешните работи и односите со други држави
- устав- највисок правен акт на една држава, потекнува од латинскиот збор цонститутио, кој означува важен, највисок закон
- уставна демокатија- демократско општество во кое со устав се загарантирани слободите и правата на граѓаните,
- политички плурализам- политички систем во кој постојат повеќе самостојни политички субјекти кои изразуваат различни интереси, програми, определби
- (МХП) - дел од меѓународното право што се применува за време на вооружен судир, а има за цел да го ограничи страдањето (што подразбира заштита на човечиот живот и достоинство). Помошта доаѓа од трето лице и/или страна
- конвенција - меѓународен договор со кој се регулира една целина на меѓународни односи ( во случајот, договор да се почитуваат правилата на МХП)
- спогодба - договор меѓу две или повеќе држави со кој се регулираат нивните меѓусебни политички, економски и културни односи
- достоинство - да се биде третиран со почит
- очевидец- човек кој следел (набљудувал) настан во кој бил доведен во опасност животот и/ или достоинството на друг/ други; очевидецот одлучува дали да се вмеша во инцидентот или не
- ризици - изложување на опасност
- инцидент - случајна, непредвидена случка, настан

- хуман чин - заштита на нечиј чивот и достоинство или помаѓање некому кому обично не би му помогнале
- социјален притисок - влијанието што го врши средината врз вршителот на хуманиот чин
- жртва - човек што настрадал од нешто
- дилема - ситуација во која е неопходно да се избира меѓу можни решенија од кои ниедно не е идеално
- апартхејт - политика на расна сегрегација (издвојување) по раса и боја што ја спроведувало белото малцинство врз африканското население во Јужноафриканската Република
- опции – слободен избор, право на слободно опрделување
- колатерална штета - штета или губиток нанесен случајно за време на напад, кој е извршен наспроти сите неопходни мерки и предупредувања што имаат за цел спречување или, во секој случај, намалување на минимум на цивилните жртви, ранетите цивили и нанесување штета на цивилните објекти
- надвор од борба - ги означува борците што се заробени, ранети, болни или страдале во бродолом и поради тоа не можат повеќе да се борат
- цивили - лица што не се борци (и во случај да постои сомневање, лицето ќе се смета за цивил)
- цивилни објекти - сите објекти што не се воени цели. Ако цивилните објекти се користат за поддршка на воената акција, тие се третираат како воени цели и ја губат заштита
- борец – припадник на вооружени сили или доброволни единици, лице кое зема директно учество во непријателствата
- воени цели - борците и објектите што по својата природа, локација, цел или со употребата даваат ефикасен придонес на воената акција и чиешто уништување овозможува одредена воена предност
- војна- акт на насилство „преземен со цел спротивната страна да се принуди да ја исполни нашата војла ( според Клаузевиц)
- Универзална декларација за човекови права- меѓународен дукумент со кој се заштитуваат човековите права и слободи
- прекршок – непочитување на правилото, непридржување кон договореното
- аргумент - логична конструкција со која се докажува некое тврдење
- верижна реакција - настанува како резултат на едно прекршување, кое секогаш води кон низа други прекршувања
- воено злосторство – тешко прекршување на Женевските конвенции (убиство, грабеж, силување, мачење и нехумани

постапки, биолошки експерименти, убивање на борци и воени заробеници)

- тортура – мачење, измачување, тормозење на лице лишено од слобода
- геноцид – злосторство насочено против нацијата, истребување на еден народ
- санкции – казнени мерки од економски, финансиски и воен карактер што се подготвуваат против земји или група земји што ги кршат меѓународните договори
- конфликт - судир, спор, расправија, вооружен судир
- меѓународен кривичен суд- суд во чија надлежност е да суди за воени злосторства независно каде се тие направени
- амнестијата – помилување, делумно или целосно ослободување од казна
- герилска војна – вооружен конфликт помеѓу легитимните вооружени сили на една држава и борци регрутирани од цивилното население
- хуманитарна акција - *организирана помош, која има за цел ублажување на страдањата на луѓето како последица на конфликт или природна катастрофа (земјотрес, епидемија, суша, поплава, вулкан);*
- хуманитарна организација- организација која се занимава со решавање на хуманитарни проблеми
- дисиминација на МХП – ширење на знаењата за МХП меѓу населението
- демократијата - грчки зборови „демос”-народ и „кратос”- управување, управување на народот, власт на народот
- власт – право на управување, поседување на клучна политичка и економска моќ
- мас- медиуми – средства за комуникации (весници, списанија, книги, радио, телевизија, Интернет)
- демант - изјава со која се негира вистинитоста за комуникации (весници, списанија, книги, радио, телевизија, Интернет)



# СОДРЖИНА

## ВЛАСТ




Управување со општеството 5
Што е власт и зошто е потребна 5
Како се стекнува власта 7
Моќ без власт 10
Држава и политика 11
Граѓанска доблест 13
Поделба на власта 15
Носители на власта во Република Македонија 17
Надлежности на собранието 17
Задачи на опозицијата 18
Пратеници 18
Влада на Република Македонија 18
Претседател на Р.Македонија 19
Судска власт во Р.Македонија 19
Народен правобранител 20
Устав и уставна демократија 21
Политички партии 23
Зошто се потребни политичките партии 23
Политичките партии во современото општество 24
Граѓански здруженија 25
Улогата на синдикатите 26
Еколошки здруженија 26

# КОНФЛИКТ



Култура на мирот 31
Конфликт 33
Причини за настанување на конфликти 34
Видови на конфликти 35
Разрешување на конфликтите во демократските општества 37
Меѓународни инструменти за превенција на конфликтите
и градење на миротот 38

# ИСТРАЖУВАЊЕ НА МЕЃУНАРОДНОТО ХУМАНИТАРНО ПРАВО



Како настанало меѓународното хуманитарно право 41
Очевидец и достоинство 43
Хуман чин и социјален притисок 45
Дилема на очевидецот 48
Основи на меѓународното хуманитарно право 49
Меѓународното хуманитарно право и човековите права 52
Прекршување на меѓународното хуманитарно право 54
Воено злосторство 56
Санкционирање на прекршувањата на
Меѓународното хуманитарно право 58
Хуманитарна акција 61

# МЕДИУМИ



Информирање во современото општество 67
Мас-медиумите во современото општество 70
Влијанието на медиумите врз изборите 71
Карактеристики на масовните медиуми во современото општество 73
Медиумска култура  75